ЈАСНА ОПРЕДЕЛБА ЗА ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО | ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА | ВОЕНО АСИСТИРАЊЕ | ХЕЛИКОПТЕР „MIL MI-38"

# ШТИТ

Број 116
Јуни 2019

ISSN 1857-6710

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ на Република Северна Македонија во посета на Министерството за одбрана и Армијата



# Продолжуваме со

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска оствари средба со делегација од НАТО, предводена од Ричард Лакин, надлежен за Северна Македонија во Секторот за политика и планирање во НАТО. Делегацијата беше во дводневна работна посета на Северна Македонија во поддршка на процесите за развој, реформи, трансформација и интеграција на нашата држава во Алијансата. Министерката Шекеринска на средбата истакна дека Министерството и Владата се посветени на продолжувањето на реформите дефинирани во Стратегискиот одбранбен преглед, клучен документ за развој на одбраната. „Нашата цел не е само да се забрза ратификацијата на пристапниот протокол, туку и да им потврдиме на сојузниците дека ние сме посветен партнер, но дека ќе продолжиме да работиме и да се однесуваме како сојузник со истата таа посветеност“, рече Шекеринска. Министерката се заблагодари за досегашната помош и поддршка во реформите и изрази уверување дека оваа поддршка со истата отвореност и искреност ќе продолжи и во идните чекори за развој на одбраната.



# реформите

Шекеринска посочи дека последниот, а и претходните два изборни циклуси во земјата, реализирани на демократски и европски начин, ја потврдуваат одлуката на сојузниците дека Северна Македонија ги исполнува политичките критериуми за членство во Алијансата.
Шефот на тимот, Лакин, истакна дека силно се цени посветеноста кон реформите и дека во последните две години се забележува постојан напредок и видливи резултати. Додаде дека тимот од Алијансата ќе продолжи да дава поддршка во реформите кои се значајни и сега, но и на подолг рок.
Делегацијата од Алијансата во рамки на посетата се сретна со клучниот персонал во Министерството и Армијата, вклучен во моменталните процеси за интеграција на Северна Македонија во НАТО.







# содржина

ШТИТ ■ година XI ■ број 116 ■ јуни 2019


Евроатлантски интеграции
**Јасна определба за членството во НАТО** 6

НАТО-армии
**Вооружените сили на Велика Британија** 9

На прва линија
**„Меката“ моќ на Кина во Африка и во Тајван** 14

Едукација
**Воено асистирање** 18

Едукација
**Цивилно-воена соработка Актери во зоната на операции** 22

24 часа
**Борба против аерозагадувањето** 27

24 часа
**Врвни претставници на единицата, армијата и државата** 29

Вооружување
**Автоматска пушка „Galil“** 32

Вооружување
**„БМП-3“ - Борбено возило на пешадијата (Боевая Машина Пехоты)** 34

Вооружување
**Хеликоптер - „MIL Mi-38“** 40

Глобал
**Продор на современиот салафизам во германија** 42

Средби
**Средба со проф. д-р Темелко Ристески, полковник во пензија** 46

Лов и риболов
**Трап-стрелаштво** 54

Филм
**„Опсадата на Жадотвил“** 56

# Претседател и врховен командант

Претседателот на Република Северна Македонија го изразува државното единство и ја претставува земјата на меѓународната политичка сцена, а своите права и должности ги врши врз основа и во рамки на Уставот и законите.
Република Северна Македонија го доби својот нов претседател. Новиот претседател на Република Северна Македонија Стево Пендаровски даде свечена заклетва и одржа говор во кој вети дека ќе биде претседател на сите граѓани. Свечената седница за инаугурација на новиот претседател на Република Северна Македонија Стево Пендаровски се одржа во Собранието, со што и официјално започна неговиот петгодишен мандат. „Победата на овој концепт ‘заедно напред’ носи иднина за Република Северна Македонија, но е истовремено карта и за Европа, доказ дека само стабилност, безбедност и прогрес се можни само обединети“, рече Пендаровски на инагурацијата. „Ќе се залагам за правичност и правна држава. Ќе стојам зад секој чесен граѓанин. Ќе обединувам, нема да делам. Мојата мисија е да обединувам, сите да одиме заедно напред. Граѓаните, заедниците, здруженијата, институциите, бизнисите, партиите, ама буквално сите. Ќе бидам фактор на стабилност, а не фактор на кризи“, кажа Пендаровски.
Претседателот на државата е и врховен командант на Армијата.
На 31 мај претседателот на Република Северна Македонија Стево Пендаровски го посети Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата. Ова е прва посета на претседателот Пендаровски на МО и ГШ, при што оствари средба со министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, со началникот на Генералштабот, генералот Васко Ѓурчиновски, со генералите во Армијата и со високи раководни лица во Министерството. Претседателот Пендаровски ја посети и НАТО-канцеларијата за врски и Канцеларијата за одбранбена соработка на САД.
Во остварувањето на одбраната, претседателот на Република Македонија и врховен командант на Армијата има повеќе надлежности. Како врховен командант претседателот донесува стратегија за одбрана на Републиката, донесува план за одбрана на Републиката, ги пропишува мерките на приправност и наредува нивно спроведување, пропишува организација и формација на Армијата, донесува документи за употреба на Армијата и наредува нејзина употреба, дава согласност на документите за развој на Армијата, ги определува мерките за зголемување на борбената готовност на Армијата и наредува нивно спроведување, наредува мобилизација на Армијата, го пропишува командувањето во Армијата, донесува прописи што се однесуваат на борбената готовност, вооружената борба и мобилизацијата на Армијата, поставува старешини на формациски места, генерали, и унапредува и разрешува генерали и поставува и отповикува воени претставници на Републиката во странство. Во остварувањето на функциите од областа на одбраната, претседателот на Републиката и врховен командант на Армијата донесува подзаконски акти.
Со нов претседател и врховен командант влегуваме во ново поглавје од нашата историја, за многу скоро време и како членка на НАТО и понатака кон полноправно членство во ЕУ.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот


Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник),
Ксенија Митева
(лектор);
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)
Панде Димоска
(новинар)

Печати:
„СТУДИО НАМПРИНТ“
ДООЕЛ Скопје

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;


Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.




# Црна Гора е наш важен сојузник

Заменичката на претседателот на Владата и министерка за одбрана Радмила Шекеринска, како дел од владината делегација беше во официјална посета на Црна Гора. Делегацијата, предводена од премиерот Зоран Заев, оствари повеќе средби и одржа заедничка седница меѓу владите на двете земји, на која беа разгледани повеќе информации од интерес за двете земји за развивање и продлабочување на идната соработка во повеќе области. Во рамките на посетата Шекеринска оствари средба со министерот за одбрана на Црна Гора, Предраг Бошковиќ, на која стана збор за соработката и членството на нашата земја во НАТО, при што беше потпишана меѓудржавна Спогодба за заштита и чување на класифицирани информации. „Црна Гора беше и остана наш важен сојузник, близок партнер кој безрезервно нè поддржа на нашиот пат кон Алијансата. Искрено ви се заблагодарувам за брзата ратификација на Пристапниот протокол, со што покажуваме дека Балканот живее во ново време во кое соседите, поблиски и подалечни, ни се и најблиски соработници“, рече министерката. Министерката на средбата се осврна и на претстојната вежба која ќе се реализира на „Криволак“, „Одлучен удар“, на која ќе учествуваат и припадници на црногорската војска. „Оваа вежба дополнително ќе ја развие нашата интероперабилност и ќе покаже дека припадниците на двете армии работат целосно во согласност со стандардите на НАТО“, рече мининистерката Шекеринска. Министерот Бошковиќ истакна дека одбранбената соработка со нашата земја е одлична и континуирана во сите области и дека истата ќе продолжи да се развива и во иднина, во рамки на Алијансата.



# НГШ на Армијата на заседание на Воениот комитет на НАТО

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, учествуваше на 181.заседание на Воениот комитет на НАТО, во формат на началници на генералштабови кое се одржува во седиштето на НАТО во Брисел. Ова е првпат началник на Генералштабот на нашата армија да учествува цело време на едно редовно заседание на ова воено тело на НАТО, кое до полноправното членство ќе биде во улога на поканета членка. Досега началниците на Генералштабот учествуваа само на сесиите кои беа отворени за партнерските земји, како и за земјите кои учествуваат во мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан. По воведното обраќање од страна на претседавачот на ВК, воздухопловниот генерал сер Стјуарт Пич, на дискусијата од првата сесија на заседанието на која учествува и генералниот секретар Јенс Столтенберг, првите луѓе на армиите се информирани за клучните стратешки прашања со кои се соочува Алијансата. На заседанието на ВК на НАТО се разговараше за планови и насоки од воен аспект за понатамошно дејствување и се донесуваат препораки кои понатаму се разгледуваат на состаноци во формат на министри за одбрана. Учеството на НГШ на Армијата на сите сесии од заседанието на Воениот комитет на НАТО е значајно од аспект што за прв пат имаме можност на иста маса со сите 29 членки на НАТО да ги проследиме дискусиите за сите крупни прашања за безбедноста во светски рамки.



# Во посета на Полкот за специјални операции

Делегација од НАТО-штабот за специјални операции предводена од вицеадмиралот Колин Килрајн го посети Полкот за специјални операции. Делегацијата ја пречека командантот на Полкот за специјални операции бригадниот генерал Методи Хаџи Јанев. Целта на посетата на оваа висока делегација на Полкот беше размена на информации околу трансформацијата и интеграцијата на специјалните сили на Армијата по нашето членство во Алијансата, како и понатамошниот развој и можности за соработка. Командантот на пСО во согласност со насоките на политичкото и военото раководство го информираше вицеадмиралот за своите намери и посакувани цели кој тој ги има за развојот на специјалните сили во Република Северна Македонија. Пред вицеадмиралот беа демонстрирани достигнатите капацитети на интероперабилност на единицата. Вицеадмиралот Килрајн и останатите членови на делегацијата беа задоволни од демонстрираното од страна на единицата и очекуваат во иднина брза и ефикасна интеграција и трансформација на специјалните сили на Армијата во НАТО-структурите.





# Јасна определба за членството во НАТО

Јасно изразена определба на нашата држава е зачленувањето во НАТО-безбедносната структура. Ова иницијатива започна уште на 23 декември 1993 година, кога врз основа на член 121 од Уставот, највисокиот законодавен дом ја донесе одлуката за стапување на Република Македонија во членство на Северноатлантската договорна организација. Како надополнување и континуитет на одлуката со значителен напредок во процесот на соработка во текот на 1995 година беше и пристапувањето кон програмата „Партнерство за мир“, што претставува главна програма за практична билатерална соработка помеѓу НАТО и поединечни земји-партнери.







Хронолошки, би напоменал неколку значајни настани кои го отворија патот кон членството во НАТО: пристапување кон членството во ОБСЕ кое честопати беше блокирано поради спорот со името, отворање на Канцеларијата за врски во седиштето на НАТО во Брисел во 1996 година и приемот во Комитетот за воено планирање и анализа во 1997 година, што претставува високо ниво на соработка со Северноатлантската алијанса. Истата година беше формиран Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАПС) со цел да го замени Северноатлантскиот совет за соработка и да се надгради врз неговите постигнувања, отворајќи зголемено и пооперативно партнерство. Понатаму следуваше одржувањето на консултациите со НАТО за Процесот на преглед и планирање (ПАРП) со началникот на силите на НАТО, којшто воедно беше одговорен за спроведување на процесот во земјите-партнери.
Во тој приод се реализираа три големи и значајни вежби: одржување на првата мултинационална вежба во нашата држава „Спасител 97“ на која претходеше посета на генералниот секретар на НАТО, г. Хавиер Солана, реализација на воздухопловната вежба на Алијансата, „Решителен сокол“, со учество на 79 авиони од земјите-учеснички, како и одржувањето на мултинационалната вежба „Најдобар кооперативен зафат“ со учество на дури 26 земји, од кои половината беа членки на НАТО, а останатите беа членки на ПзМ.
Земјите-аспиранти за членство во НАТО имаа корист од Акциониот план за членство којшто беше воспоставен во 1999 година, со цел да им помогне на земјите-партнери да се подготват за идното членство. Планот им нудеше практичен совет и насочена помош. За возврат, од земјите-аспиранти се очекуваше да одговорат на одредени политички цели, вклучувајќи и мирно решавање на територијалните несогласувања, почитување на демократските процедури, владеење на правото и демократска контрола на нивните вооружени сили. Истата година станавме дел од Процесот на планирање и ревизија на ПзМ (ПАРП), а во моментов во тек е 18-тиот циклус на Акционен план за членство. До денес нашата држава има исполнето 19 цели од пакетот на партнерски цели и активно работи на утврдената рамка за исполнување на останатите.
Сите погоренаведени активности јасно укажуваат на тоа дека нашата држава изрази цврсто определена волја да биде членка на НАТО-алијансата. Република Северна Македонија е свесна дека во наредниот период на патот кон нашето полноправно членство постојат реални тешкотии



и предизвици кои мора да ги совладаме со наши напори, но и со поддршка од нашите партнери од НАТО. Нè очекуваат значајни реформи, модернизација на опремата во согласност со нашите потреби и стандардите на НАТО.
Во таа насока е донесувањето на Стратегискиот одбранбен преглед (СОП), кој е производ на континурана меѓуресорска координација и консултации. Целта на СОП е преку транспарентен и активен однос да се надополни овој растечки консензус околу целите и визиите за идните развојни насоки на безбедноста и одбраната во државата. Овој документ е практично целата реформска агенда на одбраната, која е предуслов за членство во НАТО, но значи и модернизација на одбраната на една земја.
Стратегискиот одбранбен преглед обезбедува насоки за идниот развој и континуирана трансформација на одбраната, со цел создавање на модерна и флексибилна армија. Од друга страна, трансформацијата на НАТО не е завршена работа. Тоа е континуиран процес на приспособување и реформи, чија цел е оспособување на НАТО за ефикасно справување со новите безбедносни предизвици во евроатлантскиот простор. И покрај овие континуирани промени, фундаменталните принципи на НАТО остануваат исти: принципот според кој народите можат да ја осигураат својата безбедност само преку заедничка соработка и, пред сè, принципот дека Европа и Северна Америка претставуваат единствена заедница на заемни вредности и интереси. Врз основа на овие фундаментални принципи, НАТО ќе продолжи да ја игра клучната улога на ефективен раководител со кризи и на солидна рамка за безбедносна соработка низ евроатлантскиот простор.
Во однос на прашањето како е претставена една земја-членка на Алијансата во структурите на самата организација, да истакнеме дека секоја земја-членка на НАТО има делегација во седиштето на НАТО во Брисел. Делегацијата е предводена од страна на „амбасадор“ или „постојан претставник“, кој делува во рамките на инструкциите дадени од неговата земја. Функцијата на делегацијата е двојна: ја претставува владата, односно ставовите на својата земја и придонесува во процесот на консултации кој им овозможува на НАТО-членките да преземат конкретни мерки и да донесат колективни одлуки. Делегациите може да варираат во големина и во суштина се службеници од министерството за надворешни работи и од министерството за одбрана.
Секоја земја-членка е претставена во Северноатлантскиот совет (North Atlantic Council), главното политичко тело на одлучување во рамките на НАТО. Северноатлантскиот совет како најважно тело на НАТО го надгледува процесот на пристапување.
Амбасадорите се поддржани од страна на нивната национална делегација, составена од советници и службеници кои ја претставуваат својата земја во различни НАТО-комисии кои се потчинети на Северноатлантскиот совет. Како што е наведено во Договорот за статусот на НАТО (Agreement on the Status of NATO, National Representatives and International Staff) потпишан во Отава во 1951 година, националните претставници и сите членови на националните делегации ќе ги уживаат имунитетот и привилегиите како дипломатски претставници.
Во однос на силите, терминот „НАТО сили“ понекогаш може да доведе до забуна. Имено, Алијансата нема своја војска, туку одделни земји-членки се обврзуваат дел од своите сили да ги стават на располагање на Алијансата, со цел таа да ги спроведе договорените задачи и операции. Овие сили остануваат под национална контрола сè додека не се повикаат и не се стават под раководство на воените команданти на НАТО. Алијансата може да ги мобилизира силите на своите членки, опремени и обучени да работат заедно во согласност со усвоените стандарди и процедури.

Драган Павловски





# ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

Кралицата е и врховен командант на вооружените сили (ВС) и е единствен авторитет во монархијата која објавува војна и прогласува мир. Покрај тоа, и членовите на кралското семејство имаат тесни врски со армијата и имаат чинови генерал или адмирал. Во 1945 г., тогаш како принцеза, кралицата Елизабета, се приклучила на територијалната одбрана на Британија, станувајќи првата жена-припадник на кралското семејство и активен член на ВС. Таа и ден денес редовно се состанува со началникот на Генералштабот на одбраната и со началниците на видовите.ВС се состојат од: Копнена војска, Кралска морнарица и Кралско воздухопловство.

**Копнената војска** е составена од 82.000 активен персонал. Распоредена е на територијата на државата, но има и 3.500 лица-персонал во своите бази

Велика Британија, која се состои од Англија, Шкотска и Велс, често се користи како синоним за Обединетото Кралство (официјално - Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска), кое ги вклучува Северна Ирска и голем број острови. Британија е една од ретките која троши повеќе од 2% од бруто-домашниот производ (БДП) за одбраната и 0,7% од бруто-националниот доход (БНД) за развој во странство

низ светот (Фокландските Острови, Гибралтар и Кипар). Во својот состав има и 30.000 резервен и 12.000 цивилен персонал. Структуирана е во дивизии и бригади, одговорни за командување со помалите единици и состави. Нивни основни формациски состави се полкови и баталјони. Единиците се со различни степени на борбена готовност.Во состав на 1. дивизија со 14.000 активен и 11.000 резервен персонал се шест лесни пешадиски бригади, воздушно-десантна бригада, логистичка бригада и една специјализирана пешадиска група. Поголемиот број на единици од составот на дивизијата учествуваат во мировни мисии надвор од државата. Воздушно-десантната бригада е наменета за распоредување на падобрански единици со помош на хеликоптери и со слетување на воздухопловите. Бригадата е дел од единиците за брзо



распоредување во широк спектар на операции – од неборбена евакуација до борбени дејства. Во мирно време, воздухопловите на Бригадата се под команда на Здружената хеликоптерска команда. Специјализираната пешадиска група, од баталјонски состав, е наменета за поддршка на единиците на дивизијата и на евентуално придодадени единици. Тие се обучени, структурирани и опремени за дејствување и со составите на партнерите. Придонесуваат за борбата против тероризмот и за градењето стабилност надвор од границите на државата. Во состав на 3. дивизија, со персонал од 40.000 лица, се единиците со висок степен на борбена готовност за извршување мисии во рамките на Алијансата. Составена е од три оклопни, една артилериска и една логистичка бригада.
Оклопните бригади, со по околу 6.000 војници, составени се од по еден оклопен полк и по два пешадиски баталјони, поддржани од воздухопловни, извидувачки, разузнавачки, инженериски и логистички единици. Командата на сојузничките сили за брза реакција (HQ ARRC) е надлежна за распоредување на единици во комбинирани и здружени операции во рамките на НАТО, ЕУ или коалициски сојуз. Составена е од повеќе од 400 старешини од 20 НАТО-земји. Здружената хеликоптерска команда (JHC), со персонал од 8.500 лица и со околу 200 летала, ја обединува командата над борбените хеликоптерски ескадрони на Кралската морнарица, Копнената војска и Кралските воздухопловни сили. JHC е надлежна за транспортирање, борбени дејства и поддршка на копнените и крајбрежните единици. Home Command е команда за поддршка на армијата, надлежна за регрутирање, обука и едукација, како и за негување на традициите и за заштита на наследството. Под нејзина команда е и Командата за Лондон (HQ London District), надлежна за сите активни и резервни единици на армијата на територијата на Лондон и за организирање на воените свечености.
**Кралската морнарица** ја сочинува флота од голем број бродови во чиј состав се разни борјни пловни објекти, па и мали патролни чамци. Во нејзиниот состав се: носачи на авиони, разорувачи, фрегати, минопребарувачи, бојни, патролни и извидувачки бродови. Во состав на подморничките единици се и нуклеарните подморници со балистички ракети. Нив ги поддржуваат хеликоптерски скврадрони, авиони и хеликоптери за поддшка и за обука од морнаричката авијација. Кралските маринци се амфибиски единици и состави на Кралската морнарица, признати како едни од најдобрите командоси во светот. Тие имаат висока борбена готовност и можат брзо да бидат распоредени каде било низ светот. Се состојат од: борбена група, бригада на командоси и флота на специјални бродови. 3. бригада на командоси е формација на британските ВС и главна маневарска формација на кралските маринци. Составена е главно од маринци, поддржани од инженериски, артилериски единици и од морнаричката авијација. Бригадата е наменета и за поддршка на 3. дивизија на копнената војска. Флотата за поддршка, со цивилен екипаж, обезбедува логистичка и оперативна поддршка на Кралската морнарица во целиот свет за широк спектар на задачи, вклучувајќи и борбени, противпиратски, хуманитарни, за отстранување на последици од природни непогоди и катастрофи, како и во борбата против трговијата со наркотици. Неа ја сочинуваат: бродови за спасување, за слетување на хеликоптери, за транспорт на стока и танкери.

> Своите нуклеарни капацитети Велика Британија ги има декларирано за одбрана во рамките на Алијансата уште од 1962 година. Во таа област, најблиска соработка е остварена со САД и со Франција. Со потпишување на заеднички договори во областа на одбраната, овозможена е и поевтина набавка на ракетите Trident, со придружни компоненти од САД

**Кралските воздухопловни сили** се организирани во сквадрони со различни степени на борбена готовност и за исполнување на различни мисии, и тоа за: борбени дејства; борбена поддршка; заштита на сили; ПВО и рано предупредување; воздушен транспорт; извидување; надополнување со гориво во воздух; обука на пилоти; одржување на воздухопловите и тестирање и оценување.Во моментов тие се ангажирани во 15 мисии на 4 континенти во 22 земји. Во својот состав поседуваат: авиони: борбени: Lockheed Martin Lightning, Panavia Tornado GR 4 и Eurofighter Typhoon FGR4; извидувачки: Boeing



E-3D Sentry, Boeing P-8A Poseidon, RC-135W Rivet Joint, Raytheon Sentinel R1 и Shadow R1; транспортни: A400M Atlas, BAe146, C-130J Hercules, C-17 Globemaster III и Voyager (за танкирање со гориво во воздух); за обука: 120TP Prefect, Embraer Phenom 100, Hawk T1 и T2, T-6C Texan II, Tucano T1, Tutor T1 и Viking T1. Борбени хеликоптери: Apache; транспортни: Leonardo AW109SP Grand-New; повеќенаменски: Griffin HAR2, Wildcat Mk1 и Bell 212; за обука: Airbus H135 Juno и H145 Jupiter; за поддршка: Chinook и Puma HC2. Беспилотни летала: General atomics MQ-9A Reaper. Авионите „Tornado“ остануваат во борбена употреба сè до нивната замена со новите „Typhoon“. Во план е и набавка на 138 борбени F35 Lightning. За зголемување на нивната прецизност на гаѓање, во процес на набавка се нови ракетни системи - Stormshadow и Brimstone. Во состав на Кралските воздухопловни сили е и Центарот за воздухопловни и вселенски студии (RAF CASPS), истражувачки центар кој се фокусира на стратешки и концептуални студии за воздушни и вселенски сили и капацитети.

на персонал се Копнената војска да не се намали под бројка 82.000 активен персонал и да се зголеми бројот на персонал во Кралската морнарица и во Кралските воздухопловни сила за вкупно 700 лица. Во рамките на овие планови е и заложбата да се зголеми и процентот на жени во борбените единици до 15% од вкупниот персонал. Бројот на резервен состав се планира да се зголеми до 35.000. Процентот од бруто-домашниот производ (БДП) низа години е стабилен и изнесува околу 2,1%, односно повеќе од 62 милијарди долари. Делот од буџетот за опремување е планирано да биде зголемен за 1%, со цел исполнување на целта на НАТО - 20% од буџетот за одбраната наменет за истражување, развој и набавка на нова опрема. Особено внимание се посветува на иновативната технологија, во соработка со сојузниците, со цел да се одговори соодветно на современите закани, вклучувајќи ги и сајбер-нападите. Достигнувањата на британската армија во мисии на своја територија и надвор од неа, многу зависи од квалитетната сателитска комуникација, засега

милиони фунти за подобрување на комуникациите, модернизирање на постоечкиот систем на противвоздушна одбрана и подобрување на инфраструктурата. Покрај другото, планирано е и: формирање на три дополнителни скавдрони борбена авијација (два со Eurofighter Typhoon и еден со F35 Lightning) за дејствување од носачи на авиони; купување девет нови авиони за поморско патролирање Boeing P8, базирани во Шкотска,, наменети за заштита од нуклеарни закани, пронаоѓање непријателски подморници и подобрување на поморското барање и спасување; формирање на две нови бригади, секоја со персонал до 5.000, комплетно опремени за брзо распоредување со нови оклопни борбени возила Ajax, со цел брзо распоредување на подалечни дестинации. Дополнително, би требало да се изврши и надградба на хеликоптерите Apache и Chinook и на оклопните борбени возила Warrior, како и продолжување на животниот век на тенковите Challenger 2; до 2025 г. се планира достигнување на ниво на високо оспособени експедициски сили со персонал од





## Одбранбени прашања

Во согласност со одбранбената политика на Велика Британија, британските ВС се активни на меѓународно ниво, одвраќајќи ги заканите по мирот и безбедноста, реагирајќи на кризи и конфликти и градејќи одбранбени способности заедно со сојузници и партнери. Голем акцент се дава и на заедничките активности со сојузниците, вклучително и Комбинираните здружени експедициски сили (CJEF) на ОК и Франција (со персонал од 10.000), Здружените експедициски сили (JEF) предводени од Велика Британија и Здружените наменски сили со висока борбена готовност (NATO VHRJTF), предводени од Велика Британија од 2017 година. Бројот на персонал во ВС од 2011 г., кога изнесувал 191.000, бил редуциран на бројка од 137.000 во 2017 година. Таа бројка изнесува 139.000 во 2018 година. Заложбите за бројот

обезбедена од Skynet 5 консталацијата – систем на воени комуникациски сателити управувани од Министерството за одбрана. Тој систем обезбедува услуги за британските ВС и за НАТО силите ангажирани во мисии.

## Стратегиски одбранбен преглед

Со овој документ од 2015 година планирана е тековната трансформација и модернизација на британските ВС. Предвидено е инвестирање во борбено способни и глобално распоредливи единици, како и во безбедносни и разузнавачки агенции за заштита на Кралството и нивната моќ на глобално ниво. Според нивни процени, ризикот од конвенционален напад на Кралството е низок, но ја задржуваат високата подготвеност за одвраќање на каков било напад, одржувајќи во готовност доволен број на воени капацитети во регионот. Планирани се околу 300

50.000, составени од: морнаричка група на носач на авиони од класата Queen Elizabeth со ескадрила F35 Lightning, три бригади, воздухопловна група со борбени, транспортни и извидувачки скавдрони и група за специјални операции; удвојување на инвестициите за опремување на специјалните сили, со цел зајакнување на нивните способности за ангажирање и во најнепријателски средини, самостојно или заедно со сојузнички формации, особено во борбата против тероризмот. Се планира и набавка на современа комуникациска опрема и на оружје и надградба на хеликоптери и транспортни авиони, со цел што подалечно распоредување и за што пократко време; обновување на капацитетите за одвраќање на нуклеарен напад, со набавка на четири нови подморници од балистички ракети; зголемување на бројот на фрегати во состав на Кралската морнарица.

М.С.



# „Изградба на НАТО-одбрана и колективна одбрана“

Вториот стратегиски концепт на НАТО е со ознака МС 14/1. Насловен е како „Изградба на НАТО-одбрана и колективна одбрана“ (NATO Defence Building and Collective Defence) и беше одобрен во 1951 година, а важеше до 1957 година

Вториот стратегиски концепт на НАТО беше развиен од професионалните воени аналитичари на Алијансата во SHAPE. Истиот беше олицетворение на концептуалните решенија на САД и се потпираше првенствено на нејзината моќ за изведување на стратегиско бомбардирање со нуклеарно оружје и на мобилизација на Алијансата за извојување на победа во евентуална војна со СССР до 1956 година. Основната премиса на одбранбената политика на Алијансата во овој концепт е „да се убеди СССР дека војната не е исплатлива, а истовремено да обезбеди успешна одбрана на територијата на НАТО која ќе биде зафатена од војна“. Ваквата политика бараше и развој на соодветни воени капацитети и способности, нивна модернизација со современи борбени системи и поблиска координација и соработка во сите области од заеднички интерес. Концептот предвидуваше одбрана на територијата на земјите-членки на Алијансата од Скандинавија до Северна Америка и од Обединетото Кралство до Алжир. Во овие граници НАТО започнува да ја гради својата одбрана и да организира колективна одбрана. Како најголеми природни и вештачки пречки за копнените сили на СССР во Западна Европа ги наведува реките Елба и Рајна. Ваквата поставеност и опременост на армиите на земјите-членки на Алијансата, доколку бидат вовлечени во војна, требаше да овозможи „во соработка со одбранбените организации од Блискиот Исток, коишто можеа да бидат евентуално воспоставени,





да се обезбеди одбраната на НАТО и да се уништи желбата и способноста на СССР и на неговите сателити да водат војна“. НАТО планираше војната против идеолошкиот непријател СССР да ја води географски на три континенти: во Европа, во Азија и во Африка. Интересно е и тоа дека евентуалната војна со СССР, според НАТО, би ја вклучила и комунистичка Кина на страната на СССР, а тогашната Југославија би останала неутрална или би се вклучила на страната на Алијансата. Остварувањето на стратегиската цел би се одвивала во четири главни фази преку кои, во првата фаза би се запрела советската офанзива со истовремена сојузничка воздушна офанзива; втората фаза би го опфатила периодот од стабилизацијата на советската офанзива до иницирање на главните офанзивни операции на сојузниците; третата фаза би го вклучила изведувањето на главните офанзивни операции на сојузниците на сите фронтови и четвртата фаза би требало да резултира со остварување на стратегиската цел на сојузниците, односно победа во војната. За реализација на определбите од овој концепт, НАТО во

> За реализација на определбите од овој концепт, НАТО во периодот од 1954 до 1956 година, под водство на САД и Обединетото Кралство и рехабилитираната Франција, иницираа проекти кои имаа цел зголемување на бројот на силите распоредени во Европа, како и подобрување на способностите за испорака на оружјето

периодот од 1954 до 1956 година, под водство на САД и Обединетото Кралство и рехабилитираната Франција, иницираа проекти кои имаа цел зголемување на бројот на силите распоредени во Европа, како и подобрување на способностите за испорака на оружјето. Ова, во основа, претставуваше и почеток на „трката во вооружување“ помеѓу довчерашните сојузници од Втората светска војна. Во овој период и Советскиот Сојуз успева да го развие своето нуклеарно оружје, а во 1954 година тестираше и термонуклеарно оружје со голема разорна моќ.

За време на важноста на овој концепт, НАТО го воспостави Северноатлантскиот совет на ниво на шефови на држави и влади, ги зголеми своите одбранбени трошоци за три пати во периодот од 1950 до 1954 година, „воспостави нови команди, постигна баланс помеѓу активната и резервната компонента на силите, а во Западна Европа вистинската воена моќ беше зголемена од 350.000 во 1949 г. на 600.000 војници во 1954 година. Во овој период САД стационираа 5 дивизии во Западна Германија, во Обединетото Кралство стационираа 5 дивизии за одбрана на позициите на реката Рајна, Белгија и Холандија одлучија да воспостават заеднички армиски корпус, а Франција го зајакна своето учество во Западна Германија со 12 копнени дивизии и со воздухопловни сили од 650 борбени авиони“.

Со овој концепт Алијансата полека започна структурно да се оформува и да ги зајакнува своите воени капацитети и способности. Исто така, во овој период се случи и првото проширување со нови земји-членки. Во 1952 година со Грција и со Турција, а во 1955 година и со Западна Германија.

д-р Игор Ѓорески



# „Меката“ моќ на Кина во Африка и во Тајван




Меката“ моќ како алтернатива на „тврдата“ моќ во Кина започна како резултат на политичките, академските и бизнис-врските со надворешниот свет, притоа секако мислејќи на Европа, на Америка и на Африка. Брзорастечката воена моќ на Кина беше гарант за стабилноста на нејзините надворешни граници во Азија, но моќната Кина не се задоволуваше како супериорна сила во Азија. Економскиот и воен „џин“ бараше доминација во обласа на интерес, а после економското освојување на Европа и на САД, веќе следната дестинација беше Африка. Африка е местото и причината за следната мултилатерална студена војна. Големиот индустриски потенцијал, природните суровини, алтернативното био-гориво, експлатацијата на минералното богатство, како и други

Во теориското дефинирање на „меката“ моќ, како најдобар пример за успешна имплементација на „меката“ моќ е Кина. Кина предничи во однос на јавната дипломатија и пред неформалниот основоположник САД, во делот на микрорегионалната јавна дипломатија во Азија и во Африка. Ваквиот вид дипломатија е детерминиран од принципот на освојување (во економска и во трговска смисла), нешто што ги прави САД – „ранлив џин“

природни суровини ја наметнаа трката за освојување на црниот континент. Горливото прашање со Тајван, Кина успеа воено да го контролира но не и да го реши прашањето. За таа цел, најнаселената држава бараше нови алтернативни начини за решавање на домашните проблеми, интересите со соседните држави, но и експортирање на економската експанзија во секој дел од светот. Тоа можеше безболно и сигурно да го постигне единствено со примена на јавната дипломатија. Африка како втор по големина континент е познат по колонијализмот, екстремната сиромаштија и бројните цивилни односно граѓански војни во кои гинат секојдневно деца-војници и цивилно население. Наспроти ваквата ретроспектива на односите меѓу Западот и африканските држави, традицијата на пријателство и





економски можности на африканските држави со Кина датираат одамна, преку проектот за кинеската помош на земјите од третиот свет, но во последната деценија добија на интензитет, што (ќе) предизвика нова студена војна меѓу Западот и Кина.

## „Win-Win" – интерактивен однос на двете страни

Во периодот кога Западот беше ангажиран во глобалните војни, извозот на демократија и военото ангажирање на Блискиот Исток, Кина се ангажираше и го замени некогашниот политичко-социјален колонијализам во Африка со економски „win-win" интерактивен однос. Институтот за јавна дипломатија во Кина ја промовираше јавната дипломатија кон Африка или проектот „Пекиншки консенсуз" за долгорочна социоекономска соработка со африканските држави со целосно почитување на територијалниот интегритет и политички суверенитет на државите. Наместо креирање на поинакви политички системи и влади по своја мера, Кина ги поддржуваше постоечките влади нудејќи придобивки и помош за целата држава. На тој начин, среднорочно обезбеди приклучување на 19 африкански држави на NEPAD (New Partnership for Africa's Development) за стопирање на африканската маргинализација во однос на светската глобализација. Кина го имплементираше заемниот однос со африканските држави по принципот „држава-држава", односно „граѓанин-граѓанин". Овој принцип подразбираше „Deng Xiaoping model" или поминување на реката чувствувајќи ги камењата, односно интегрирање на заедничките интереси и нивна имплементација во практика. Главен адут на кинеската јавна дипломатија во Африка беше економскиот бавен, но континуиран развој со цел да не предизвика корупција, етнички и конфесионални граѓански војни. Почетните инвестиции беа скромни и паралелни со културниот развој на населението, со цел да не се создаде вакуум во едукацијата и технолошкиот развој на нивните економии. За таа цел, Кина започна етапно со искоренување на гладот во географска смисла, стимулирајќи го населението на базична едукација за самопрехранување и создавање на услови за нормален живот. Следно беше проект за чиста вода, заради што се водеа неколку граѓански војни во некои африкански земји. Потоа следеше земање на население и негово култивирање во Кина, за негово повторно враќање и вклучување во процесот за развој на африканските држави.

Во 2003 година, Кина испрати 860 медицински лица и 35 тима на



доктори во 34 африкански држави. Кина не брзаше со експлатирање на природните богатства на овие држави, што создаде заемна доверба. Заемниот интерес немаше статус на колонијализација или на друг вид експлатација, туку беше економска колоборативна соработка. Така, на пример, Кина во Африка инвестираше 900 економски силни компании, а вкупните инвестиции во економијата без делот за инфраструктура изнесуваа 39,7 милијарди долари. Кина им даваше голема економска помош на владите на државите и кредити со мошне ниски стапки на камата, целосно бесплатен техничко–технолошки развој на африкански компании, субвенционирање на африкански новотворени компании, социјално здравство, едукација и бесплатна инфраструктура (патишта, мостови, електрификација и гасификација). Интересот на Кина беше во склучување

Релациите на Кина со Африка датираат уште од формирањето на „нова Кина" од 1949 година. За време на Студената војна, во периодот на шеесеттите години, Кина ги поддржа ослободителните движења во неколку африкански држави, дизајнирајќи социјалистички амбиент преку изградба на болници, железница, размена на инженери, како и преку промовирање на проектот „Лекари без граници"

на долгорочни економски договори за користење на нафта со земјите Нигерија, Судан и Ангола. Исто така, склопуваше и низа на договори со земји кои немаат нафта, но имаат бескрајно големи количини на специфични минерали неопходни за технолошки развој во полето на индустријата и енергетиката. Ваквиот алтруистички приод на Кина кон Африка обезбеди успешен заеднички систем на „ресурси за развој" со креирање на мултилатерални односи со африканските земји.

## „Меката“ моќ на Кина со Тајван

ECFA (Economic Cooperation Framework Agreement) е начин на примена на „мека“ моќ за остварување на „де јуре“ интегритетот на Кина врз Тајван. Со потпишувањето и имплементирањето на овој договор (ECFA), се зголемува влијанието на Кина врз Тајван. За волја на вистината, Кина во изминатиот период применува комбинирани методи и на „тврда“ и на „мека“ моќ. Воената закана над малиот Тајван е постојано надвисната како сенка наспроти брзиот и економски развој на овој остров, што го прави привлечен, но истовремено и „паричка за поткусурување“ на големата Кина и Западот. Илустрирајќи ги трите лица на моќта на јавната дипломатија, може да се елаборира целокупната ситуација во меѓусебните односи меѓу Кина и Тајван. Па, така, првото лице на моќта е имплементација на стратегиската цел (унификација на Тајван во рамките на Кина), второто лице на моќта е поставување на методите и техниките за остварување на првичната цел и трето е манипулирање со истите пред домашната и надворешната јавност. Аналогно на горенаведеното, Кина својата јавна дипломатија (во која не е исклучена и „тврдата“ моќ како компонента на дипломатијата) ја темели, пред сè, на економската соработка и пазарната економија. Економскиот развој на Тајван е во голема зависност и од економскиот раст на Кина. Па, така, наместо Кина да ги извезува своите економски „вредности", таа ги приспособува регионалните економски предизвици со своите економски можности, притоа успешно создавајќи ситуација на економска изолираност, односно фактичка зависност на Тајван. Во случајот меѓу Кина и Тајван економската моќ се доживува како „тврда“ моќ и истата истовремено е и „стапот и морковот“. Од една страна имаме две силно развиени економски држави кои се во меѓусебен спор (речиси студена војна), но на друга страна воената супериорност на Кина е маргинализирана во неколкудеценискиот меѓусебен спор поради економската (не)зависност на Тајван. Покрај



воената компонента како опција за реинтегрирање на островот, Кина го започна најголемиот проект за унификација на островот со матичната држава. Така, започна со политичка изолација на Тајван во регионот, а подоцна и на меѓународната сцена со политички и економски санкции против државите кои имаат каков било вид на коресподенција со островот, а подоцна со ветото во ОН обезбеди политичка изолација на островот. Како резултат на тоа, Тајван беше оневозможен да склучува економски договори со други земји-членки на ОН, ниту, пак, да се приклучи на некој економски сојуз, трговски организации, ратификување на економски договори и слично. Следен чекор на Кина беше формирањето на ECFA, преку што на Тајван му се нудеше голем економски бенефит во среднорочна временска рамка и потпишување на низа форми на субвенционирање на нивните инвестиции и истите се однесуваат и за правни и за индивидуални трговски субјекти. Паралелно со тоа, како реципроцитет се и кинеските инвестиции во Тајван, што е значаен чекор за раздвижување на регионалната бизнис-клима. ECFA, исто така, овозможува развој на туризмот во Тајван, па така споредбено меѓу 2008 и 2009 година, Тајван бележи 70% раст на туризмот, и тоа од туристи од Кина. Истовремено, најпосакувана дестинација за работа во странство за граѓаните на Тајван е токму Кина. ECFA, исто така, е начин за надминување на трговската изолација на Тајван која е резултат на политичката изолација наметната од Кина, па така преку ECFA Тајван ќе може да склучи договори и соработка со други економски блокови како што се Јапонија, ЕУ или БРИКС. Секако дека потпишувањето на ECFA долгорочно го загрозува суверенитетот на Тајван, а кај тајванската популација создава чувство на обезвреднување на меѓусебниот спор, што може да предизвика создавање на политички партии со економски програми кои овозможуваат поблиски односи со Кина. Јавната дипломатија која ја спроведува Кина има временска рамка која опфаќа економско освојување на домашната политичка сцена, потоа на регионот Југоисточна Азија и на крај, светот. Својата „мека“ моќ ја темелеше на странска помош за други држави, економско поврзување со државите и културна трансмисија. За таа цел, создавајќи економски натпревар со другите, го искористи кодот за успех на домашната политичка сцена кога на луѓето не им беше важна демократизацијата на општеството, бидејќи станува збор за економски успешно општество во

Најдобар проект на „меката“ моќ беше медицинската дипломатија која значеше директна помош на населението. Така, Кина, својот прв медицински тим го делегираше уште далечната 1964 година на барање на владата на Алжир. Од тогаш, па сè до денес, Кина има испратено околу 15.000 доктори во 47 африканските земји и има третирано околу 180 милиони африкански пациенти



економски договори и членување преку ECFA во СТО или други економски и трговски светски организации. Само за илустрација, со интегрирањето на Кина во светската економија, трговијата меѓу Кина и Тајван во периодот од 2001 година од 31,5 милијарди долари во 2008 година порасна на фантастични 132,8 милијарди долари. Според институтот „Петерсон“ за меѓународна економија, Тајван ќе обезбеди 5,3% годишен раст сè до 2020 година, што е на светско ниво речиси невозможно поради светската финансиска криза која таму се почувствувала во 2008 година. Благодарение на ECFA економијата во Тајван ќе порасне од 1,65% на 1,72%, што ќе креира нови 250.000 слободни работни места. Истовремено, со ECFA тајванските компании ќе можат да инвестираат во Кина и да имаат сопствени акции, односно да бидат дел од кинеската берза, што е исклучително значајно за азиските држави. Исто така, се укинува данокот од 15% на увозот на тајванските производи и се дава даночно олеснување на тајванските инвестиции, како и некои се должи и на неколку други фактори на домашната политичка сцена во Тајван. Имено, тајванскиот премиер Ма Јинг Јеу беше избран во време на најголемата финансиска криза во светот, во услови кога се зголемуваше економскиот јаз со сојузничкиот Запад, а домашната економија бележеше пад и се зголемуваше невработеноста. Во такви услови на економска криза, Кина имаше економски подем и најавуваше инвестиции во регионалните држави заради обезбедување на економска сигурност во соседството. Премиерот Ма Јинг Јеу немаше политички багаж на националистичка реторика кон Кина, па така лесно можеше да ги надмине заострените односи со меѓусебно доближување, пред сè поради заедничката култура. Исто така, економската криза го намали влијанието на опозицијата за непотпишување на ECFA, имајќи предвид дека тоа овозможуваше отворање кон економската меѓународна сцена. Политичките аналитичари говореа дека меѓусебната економска зависност со економскиот џин Кина, услови на финансиска криза. Потоа следеше економското освојување на регионот Југоисточна Азија, и тоа во комбинација со економска дипломатија овозможи создавање на регионален економски блок, развој на туризмот, обезбеди бизнис-инвестиции и многу развојни иницијативи. Исто така се креирале слободни трговски зони, економски сојузи, трговски договори и долготрајни економски договори со земјите од регионот. Следен чекор на „меката“ моќ беше експортирање на кинеските приватни компании ширум светот, посебно во земјите кои имаа конфронтација со традиционалниот Запад. Секако дека Кина ја користеше и својата дијаспора која речиси е најбројна странска популација на Западот и која бележи огромен развој на полето на економијата, што е исклучително значајно за матичната држава чиј БДП значително е во корелација со овој вид на деташирани економски индивидуалци кои не ја губат врската со матичната држава, особено со семејните кинески приватни компании.

д-р Игор Гелев



# Воено асистирање

Покрај директните акции и специјалното извидување, една од трите главни мисии на специјалните сили во НАТО е военото асистирање. Тоа подразбира градење на капацитети и способности на пријателски и сојузнички сили во областа на одбраната преку обука, едукација, советување и поддршка во мир и за време на војна

Военото асистирање е најдобар пример за индиректниот пристап на специјалните сили, каде долгорочно се инвестира со малку средства и луѓе да се постигнат стратегиски ефекти. Како доктринарен термин се појави со формирање на специјалните сили на САД по Втората светска војна, меѓутоа како активност има корени уште порано. Ако се земе предвид дека за време на Првата светска војна Томас Едвард Лоренс беше првиот западен офицер упатен со задача да ја организира и насочи борбата на арапските бунтовници против отоманската војска, може да се смета дека военото асистирање е воедно и најстара мисија на современите специјални сили.
Потребата од градење на пријателски сили за заедничка борба била препознаена уште за време на





колонијализмот. Може да се каже дека тоа било повеќе од потреба, европските војски илјадници километри оддалечени од дома биле практично зависни од помошта на локалните сили во нивните колонии. Командантите на европските војски често морале да се справуваат со бунтовнички движења. За таа цел станало неопходно да се придобијат, мобилизираат и организираат локални сили како помошни единици. Обично биле користени за извидувачи, преведувачи, преговарачи, но и за борба. Овој принцип станал важен дел во противбунтовничката вештина на западните сили, бидејќи на тој начин европските војски успевале со релативно мал број сили да контролираат големи територии илјадници километри далеку од дома. Во тоа време процесот на организирање на сили од локалното население не било дефинирано како посебна специјална задача и се очекувало од секој офицер упатен во колониите да има дипломатски вештини за соработка со локалното лидерство. Противбунтовничките кампањи во 19 век биле главно успешни поради бруталноста и речиси неограничена употреба на сила. Во отсуство на меѓународното право и правилата на војување кои постојат денес, справувањето со бунтовнички движења во колониите било успешно и го спроведувале регуларните сили (во денешна смисла конвенционалната војска). Употребата на домородни сили во борба станала вообичаена практика и дел од оперативната вештина. Во периодот до Првата светска војна веќе постоеле процедури и институционално очекување дека лидерството на регуларната војска распоредена во колониите задолжително морало да воспостави и да одржува сојузи со локалните лидери во нивната зона на одговорност.

> Во периодот до Првата светска војна веќе постоеле процедури и институционално очекување дека лидерството на регуларната војска распоредена во колониите задолжително морало да воспостави и да одржува сојузи со локалните лидери во нивната зона на одговорност

По научените лекции од британскиот успех во Арабија со упатување на „специјалецот“ Лоренс, повеќе европски војски уште пред Втората светска војна започнале да обучуваат офицери, исклучиво вештини за соработка со домородни сили. Ова, како специјалност било наречено „неправилно војување“, наспроти правилното кое се придржувало на официјалната воена доктрина. Во периодот меѓу двете светски војни за работа со домородните сили во колониите биле задолжени посебно обучени офицери за таа намена. Меѓутоа, повеќе историчари забележале дека во тоа време во офицерските клубови се појавил феномен да се гледа на неправилното војување како на неперспективно, со оглед на растечката закана од силните конвенционални војски на Германија, Јапонија и СССР. Како резултат на оваа перцепција, во воеността образование на западните војски малку значење се давало на војните од низок интензитет или т.н. „мали војни“. Доколку некој офицер сакал да се фокусира на неправилно војување, тоа било сметано за неперспективен потег, исклучок и надвор од нормалниот развој во кариерата.



Има примери на офицери кои не биле во потполност подготвени да отстапат од традиционалната војничка кариера. Многу од нив одбиле да се занимаваат со герилско војување. Во голема мера оваа неподготвеност произлегла од моралната дилема околу легитимноста на неправилното војување. Таков пример бил евидентен на Филипините, каде после капитулацијата на американските сили, некои офицери избегнале заробување во џунглата, се поврзале со филипинските герилци и оттаму ја продолжиле борбата против Јапонците. Меѓутоа, имало и такви кои не сакале

да учествуваат во герилската војна бидејќи сметале дека тоа е незаконски и одбиле да живеат како бегалци и да се борат неправилно. Ова е најверојатно и прв пример на судир помеѓу менталниот склоп на конвенционален и неконвенционален воин, строга дисциплина и принципи наспроти опортунизам и флексибилност.
За време на Втората светска војна со нагло зголемување на западните војски и исцрпување на офицерскиот кор, а истовремено со појавата на герилски движења ширум светот, станала поизразена потребата од специјализирање на кадри исклучиво за нерегуларно војување. Додека најголемиот број на офицери стекнале искуство за конвенционално војување, по завршување на војната се издвоиле мал процент на офицери со уникатно искуство во нерегуларно војување. Во кампањите во Европа, во Африка и во Азија, како резултат на соработката со локалните сили на отпорот, започнала да се дефинира современата доктрина на специјални сили. Ова се покажа особено корисно во наредните прокси-војни меѓу двата блока, каде и едните и другите спонзорираа свои домородни сили. По Втората светска војна со еволуција на војната и прифаќање на западниот начин на војување во земјите на третиот свет, поврзувањето на современите војници со локалните сили станало покомплицирано. За време на Студената војна, речиси сите современи војски задачата на мобилизирање и соработка со локални сили, нивна обука, организација и советување во борба ја делегирале на специјалните сили, додека водењето на операции со голем интензитет останала примарна задача на конвенционалните сили.
Сепак, сè до шеесеттите години од минатиот век немало јасна претстава за потребата од посебна доктрина за неправилно војување. Ова се должело на фактот што во војските сè уште имало офицери со богато искуство во герилско војување од кампањите низ Европа, Азија и Африка. Оние кои биле задолжени со специјална задача да бидат советници за неправилно војување, не добивале посебна обука, освен разузнавачки податоци за земјата во која требало да дејствуваат. Војската на САД е првата во која била идентификувана потребата од посебен род кој ќе се занимава со неконвенционално војување. Во 1952 година се формирани специјалните сили на копнената војска на САД со примарна мисија да дејствуваат како инструктори и советници во трети пријателски држави за помагање на нивните влади да се спротивстават на бунтовнички движења. Интересно е што



Во периодот меѓу двете светски војни за работа со домородните сили во колониите биле задолжени посебно обучени офицери за таа намена. Меѓутоа, повеќе историчари забележале дека во тоа време во офицерските клубови се појавил феномен да се гледа на неправилното војување како на неперспективно, со оглед на растечката закана од силните конвенционални војски на Германија, Јапонија и СССР

дури и во војска чија воена стратегија наметнала потреба од специјално војување, постоел институционален отпор од конвенционалниот кор. Ова се почувствувало во првите години од Виетнамската војна, каде се јавило противење конфликтот да се држи во низок интензитет. За разлика од специјалните сили кои соработувале и извршувале задачи заедно со домашните пријателски сили, конвенционалниот кор инсистирал на употреба на сета кинетичка воена моќ, што најверојатно и ја ескалирало војната во Виетнам до таа мера. Интересно е што оваа институционална одбивност продолжила и во следните децении, и покрај препознавање на стратегиското лидерство на САД за потребата од „мали војни“. Во оперативната средина каде



дејствувале, поради карактерот на теренот и населението, станало јасно дека современата конвенционална доктрина не е доволна за да се победи во војна.
Во изминатите три децении сите се сложуваат дека конфликтите се видно изменети. Поради присуство на невообичаено многу актери во зоната на операции, современите конфликти низ светот имаат нелинеарен карактер. Ова наметнува потреба од нова воена стратегија за модерните војски да бидат успешни, бидејќи очигледно дека постоечката доктрина не може да донесе брза победа. Војните се водат во услови на сиромаштија, криминал, етно религиски раздор и култури кои се инертни на промени, особено ако доаѓаат од Запад. Иако во војната во Авганистан многу конвенционални единици беа ангажирани за работа со локалните сили, стана јасно дека гонење на непријателот, западните војски препознаваат потреба од градење на капацитети во земјата-домаќин која има внатрешен противник. Ова се прави преку спроведување на воено асистирање, едукација, опремување и градење на институционални способности владата да ја преземе одбраната во наредниот период. Индиректниот пристап во голема мера зависи од способноста да се изградат капацитети за одбрана на земјата-домаќин. Денес Командата на специјалните сили на НАТО се фокусира на многу потесна соработка со военото и политичкото лидерство на Авганистан. Овој процес е бавен, но сигурен. Индиректниот пристап бара поголема дипломатија и земање предвид на политичкиот аспект и последици од акциите на терен.
Во последните неколку години сè поголем број на конвенционални т.н. пропаднати држави и слично.
За разлика од порано, кога во најголем број случаи противникот применувал или конвенционални или неконвенционални методи, денес постои растечки тренд на свесно комбинирање на двете методи наречено хибридна војна. Можеби ова се прави токму поради утврдување на слабост кај западните војски да се справат истовремено со двете и постоечкиот судир на организациски култури меѓу конвецнионалните и специјалните сили.
За градење на безбедност на далечина преку оспособување на пријателски и сојузнички сили, современите специјални сили ќе треба да се делегираат да работат со сите три нивоа на лидерство во земјата-домаќин (локално, регионално и национално).
Обучувањето на специјални сили за спроведување на воено асистирање нуди можности не само за учество во



Индиректниот пристап во голема мера зависи од способноста да се изградат капацитети за одбрана на земјата-домаќин. Командата на специјалните сили на НАТО се фокусира на многу потесна соработка со военото и политичкото лидерство на Авганистан. Овој процес е бавен, но сигурен. Индиректниот пристап бара поголема дипломатија и земање предвид на политичкиот аспект и на последиците од акциите на терен

е невозможно да имаат истовремено и ментален склоп за неправилно војување. Ова резултира со уште поголем развој на специјалните сили на САД и на европските војски кои се членки на НАТО. После период од две децении борба против тероризмот, специјалните сили добиваат уште поголемо значење како стратегиска алатка која е настрана од конвенционалната доктрина. Особено нелинеарниот конфликт во Украина разбуди многу европски земји да се вратат на неконвенционалната доктрина.
Новото оперативно опкружување и современите закани го направија индиректниот пристап уште порелевантен. Наместо директно офицери и војници стекнаа искуство во работата со локалните сили и нивно советување и обука. Поради одолговлекување на војната во Авганистан и недостигот на специјални сили, се јави потреба од надополнување на постоечката доктрина со неконвенционални политики и процедури и приспособување на постоечката воената доктрина. Значително се сменети тактиките, техниките и процедурите поради природата на недржавните актери, екстремни и терористички групи несвојствени за оние од Студената војна, големите социјалните и културни промени во земјите зафатени со конфликт, феномените кои произлегуваат во НАТО-водени операции, туку и при евентуални постконфликтни сценарија.
Вклучувањето на локалните сили за борба против недржавни актери и понатаму ќе остане неопходно за политички и воен успех, бидејќи обезбедува легитимност при употреба на воена сила. Во иднина се очекува зголемување на потребата од специјални операции, бидејќи тие му овозможуваат на политичкото водство да избегне ризик од јавно неодобрување за употреба на големи конвенционални сили. Со многу помало присуство, трошоци и политички ризик, се овозможува постигнување на долгорочни и стратегиски ефекти.

Ѓорѓи Вељовски



# Цивилно-воена соработка
# Актери во зоната на операции

За време на многуте мировни операции во последните неколку години заклучено е дека воените и цивилните тела имале успешна соработка, но исто така во многу случаи непостигнувањето на соодветното ниво на соработка и координација значително придонело за неефикасноста на мисиите. Во минатиот број беа набројани неколку многу важни фактори кои можат драматично да ја попречат ефикасноста на цивилно-воената соработка и координација во мировните мисии, а во овој текст ќе се задржиме на културата, не само на локалното население туку и на културата кај сите актери во зоната на операции

Проблемите со различните култури во зоната на мировните операции се од големо значење за ЦВС персоналот бидејќи ЦВС активностите се одвиваат главно надвор од воените бази каде типичното воено однесување не функционира. Бидејќи улогата на ЦВС персоналот е да соработува и да коегзистира со разни меѓународни организации, големиот број на невладини организации присутни во зоната на операции, локалните власти, локалните лидери, разни контрактори и индивидуи од локалното население. Сите тие актери во зоната на операции се претставници на различни култури не само во организациона смисла, туку и од религиозен, национален, племенски и друг аспект. ЦВС персоналот во зоната на операции е одговорен за воспоставување и одржување на добрите односи помеѓу воената единица (контингентот) и локалното население. Плодна соработка со цивилните агенции, локалните лидери и поединци се основниот елемент што значително придонесува за постигнувањата на целта на мисијата. Воената единица, особено ЦВС персоналот мора да посвети посебно внимание на културата на локалното население, да покаже посебен респект кон навиките и обичаите на локалното население, познавањето на историјата на конфликтот во регионот и изворите на судирот. Но, за жал, кај воениот персонал често во подготвителниот, предупатниот период, изостанува подготовката за





културата на локалното население, што драстично им штети на комуникацијата на воените сили со цивилното локално население. Затоа е потребно во предупатниот период целокупниот контингент, а особено ЦВС персоналот, да се подготви за основни знаења за културата на локалното население во регионот во кој се упатува, за нивните навики и обичаи, однесување при контакт итн. Без овие основни познавања персоналот на контингентот воден од својата култура, своите обичаи и навики, своите сопствени чувства и етноцентризам, може да стане дури и дел од проблемот, а не да помогне во неговото разрешување.

## Зоната на операции како лавиринт на различни култури

Бидејќи поголемите единици (здружени сили) се составени од контингенти од различни земји, тоа значи дека доаѓаат од различни нации ангажирани во непознати средини, исто така со различна култура. Од таа причина „културниот шок" и културните недоразбирања се неизбежни. Затоа современите мировни операции претставуваат голем предизвик за секој војник, а посебно за ЦВС персоналот. За целосно да се разбере улогата на културата во мировните операции, неопходно е прво да се препознае културата на најголемите заедници во зоната на операции. Најважните културни врски постојат внатре помеѓу мировните сили составени од повеќе различни нации, вклучувајќи ги и разните цивилни организации и индивидуи вклучени во структурата на мисијата и надворешни помеѓу воените сили и многуте меѓународни оргнаизации, невладини организации, локалните заедници и индивидуи. Исто така, важно е да се подвлече дека различните и многубројните организации во зоната на операции се обидуваат да „играат" според нивните сопствени правила. Да заклучиме, културата има големо влијание на средината во зоната на операции и кога на учесниците им недостасува познавањето на различните култури може сериозно да им наштетат на целите на мисијата.

## Меѓукултурната комуникација и влијанието врз цивилно-воената соработка

Без неопходната подготовка на ЦВС персоналот за културата која има круцијална улога во конфликтите, ЦВС персоналот секогаш ќе наидува на потешкотии и недоразбирање за време на спроведувањето на нивните активности на теренот. Комуникацијата претставува движечки фактор за ЦВС офицерите во надминувањето на предизвиците поврзани со културните бариери кои постојат помеѓу воената и цивилната компонента. Изучувањето на различните култури и познавањето на странски јазици имаат огромна улога во спроведувањето на активностите од страна на ЦВС персоналот. Реалноста во актуелните меѓународни интервенции бара комуникацијата помеѓу разните учесници во зоната на операции да биде разгледана на три нивоа: комуникација помеѓу различни делови на мировните сили кои обично доаѓаат од различни земји; комуникација помеѓу воените и цивилните организации (меѓународните и невладините организации) кои секогаш активно учествуваат во зоната на операции и врската помеѓу воените и цивилните учесници, компании и индивидуи. Ако сакаме целосно да ја согледаме и да ја почитуваме улогата на културата во мировните операции, мора да ѝ се пристапи од два аспекти, внатрешен и надворешен. Прво, внатрешните комуникации помеѓу културите на воената единица и цивилните актери кои се во составот на мировните сили. Второ, надворешната интеракција помеѓу целиот персонал на воениот контингент ( и воениот и цивилниот персонал) и локалното население и другите организации во зоната на операции. За подобро да се разберат и двете заедници цивилната и воената, треба да се разгледаат главните организациски разлики што придонесуваат за разни недоразбирања и конфликти помеѓу овие „два света". Воената единица може да се третира како конзервативна заедница и хиерархиска организација, додека хуманитарните организации се стремат да бидат колку што е можно повеќе либерални во својата работа, во односите на локалните власти, локалната популација итн.



## Цивилни организации

Цивилните организации на теренот можат да бидат одговорни за повеќе активности  како што се хуманитарната помош, човековите права, заштита на малцинските групи, бегалците и внатрешно раселените лица, правната помош, медицинската заштита, реконструкцијата, земјоделството, уметноста, науката и така натаму. Така, постигнувањето на плодна соработка со тие организации е круцијално за ЦВС персоналот за потполно разбирање на мандатот, улогата, структурата, методите и принципите од кои се водат овие организации. НАТО доктрината за ЦВС ја подвлекува повеќекратната важност на цивилните актери присутни во зоната на одговорност. Да се разјаснат релациите со цивилната средина и да се зголеми нивото на меѓусебно разбирање, мора да се разграничат четирите клучни типови на цивилни организации.

**Меѓународните организации (МО)** се основани со меѓународни договори и оперираат на меѓународно ниво. Нивните задачи базично се поврзани со хуманитарните организации и истите делуваат под „чадорот“ на ООН. Главните денешни МО ги вклучуваат UN High Commissioner's Office for Refugees (UNHCR), the UN High Commissioner for Human Rights (UNHCHR), the UN Office for the Coordination of Humanitarian Affairs (UNOCHA), the World Food Program (WFP), UN Children's Fund (UNICEF), International Organization for Migration (IOM) и International Committee of the Red Cross (ICRC). Овде, сепак, би нагласил дека Меѓународниот комитет на Црвениот крст (ICRC) не е формиран со меѓународен договор, но спроведувањето на активностите се според Женевската конвенција. Главната задача на ICRC е заштита на животите и достоинството на жртвите од војните. Главните принципи според кои се води оваа организација се хуманоста, непристрасноста, односно објективноста, неутралноста и независноста.

> Меѓународните интервенции вклучуваат и многу други учесници кои активно делуваат во зоната на операции на воената единица. Во една таква средина многу проблеми во функционирањето се поврзани со културата, како на пример: проблеми во координацијата помеѓу цивилните и воената организација, проблеми во комуникацијата заради јазичните бариери, дури и проблемите заради различните мандати кои се директно поврзани со различните култури

**Невладини организации (НВО)**

НАТО доктрината за ЦВС овие организации ги дефинира како доброволни и обично основани од невладини организации кои делуваат како непрофитабилни организации и остануваат комплетно независни од владите, ООН или други меѓународни организации, што ги прави едноставно вешти во воспоставувањето на мирот). Мошне се способни во спроведувањето на хуманитарната помош и во разрешувањето на конфликтите. Бројот на невладините организации во последните години се зголемува секоја година и во светот денес ги има некаде околу 400.000. Приближно 250 милиони луѓе годишно доаѓаат во контакт со различни невладини организации. Овие организации, грубо, годишно трошат околу 10 милијарди долари.  Заради нивната политичка неутралност, се покажаа како многу ефективни, нивните активности носат големи придобивки таму каде што политичките организации не успеваат. Постојат 2 категории на невладини организации: 1. Со мандат. Невладини организации кои се официјално признати од водечките меѓународни организации во кризните региони и се овластени да оперираат во зоните на операции. 2. Без мандат. Овие невладини организации немаат официјално признавање и овластување, туку примарно работат како приватни фирми. Невладините организации можат да бидат договорени или договорени




за соработка со некоја меѓународна организација или овластена невладина организација. Инаку нивните фондови доаѓаат од приватни организации и светски познати богати личности од областа на културата, науката и уметноста.

Невладините организации имаат одредена структура, ангажмани, искуства и се релативно мали по обем, што им дозволува да делуваат брзо, со многу средства и да бидат креативни во обезбедувањето на брза хуманитарна помош.

Активности со кои се занимаваат или може да се занимаваат НВО се: хуманитарна помош, заштита на човековите права, сместување на раселени лица и бегалци, реконструкција на инфраструктурата, економска стабилизација и ревитализација, вклучување и обука на работна сила, образование итн.

НВО имаат голема мотивација да работат со воените структури заради: безбедноста, транспортот, добрата координација, комуникацијата, медиумската присутност и друго.

Културата има големо влијание на средината во зоната на операции и кога на учесниците им недостасува познавањето на различните култури може сериозно да им наштетат на целите на мисијата

## Слабости на НВО

Нивните готовински ресурси се мали во споредба со ресурсите на меѓународните организации. Нивната цел може да биде спротивна на мисијата на воената единица во зоната на операции. Што можеме ние да направиме за НВО: сигурен и безбеден простор и нивна потполна заштита, логистичка поддршка, врски – контакти, на времени информации, респектирање на сите ВО и НВО, координација во делот на ЦВС и пренос на цивилните задачи на соодветните авторитети во зоната.

**Меѓународни и национални донаторски агенции.** Овие агенции се одговорни за формирање мониторинг и оценување на развојните програми. Водечка меѓународна организација би требало да биде одговорна за координација на активностите на овие организации. Исто така, вредно за спомнување се и организациите кои главно се специјализирани за реконструкциски работи. ( како на пример UN Development Program – UNDP). Претставниците на овие организации обично имаат подолго време поминато во ЗО отколку воената единица, затоа имаат поголемо познавање за потребите на средината и инфраструктурата. Улогата на ЦВС персоналот е да врши координација за размена на искуствата и знаењето помеѓу тие експерти и локалните власти со цел создавање на поволни услови за изградба на одредени објекти во ЗО.



## Главни принципи при распределбата на хуманитарната помош

Хуманитарната помош мора да биде обезбедена според четирите главни принципи: хуманост, неутралност, непристрасност и независност. За подобро разбирање на цивилните организации кои оперираат во ЗО ќе биде многу корисно ако се знаат и дефинициите за овие принципи.

Хуманост: Човечкото страдање мора да биде земено предвид секаде каде ќе се најде, со посебно внимание на најранливата популација како што се децата, жените и старите лица. Дигнитетот и правата на овие жртви мора да биде почитуван и заштитен.

Неутралност: Хуманитарната помош мора да биде обезбедена без непријателство или заземање на страна од политичка гледна точка, религиозна или идеолошка природа.

Непристрасност: Хуманитарната помош мора да биде обезбедена без дискриминација по етничко потекло, род, националност, политичка ориентација, раса или религија, со настојување да се олеснат страдањата на поединците, водејќи се исклучиво од нивните потреби, давајќи приоритет на најитните случаи. Во принципот непристрасност се содржани три меѓусебно зависни концепти: недискриминација, пропорционалност и непристрасност. Одлуките за хуманитарна помош мора да се носат само врз основа на потребите и не смеат да бидат под влијание на лични причини или чувства. Независност: Организациите кои се занимаваат со укажување хуманитарна помош од секаков вид, било тоа да е здравствена заштита, дистрибуција на храна, вода итн. мора да бидат независни, односно да не зависат од ниедна влада или друга организација.

м-р Симеон Митревски

# Усовршување на воените вештини

Во рамките на Програмата за обука за 2019 година, а во согласност со Упатството за гаѓање со пешадиско оружје, на 18.мај на стрелиштето „Осој“ во Кичевскиот регион се реализираше еднодневна обука, подготвително гаѓање со АП 7,62мм на реден број 1.
На оваа практична обука учествуваа 75 резервни офицери и подофицери од 7 ООЕ на ОРОРМ од југозападниот дел на Северна Македонија и од Скопје.
Пред почетокот на гаѓањето, на учесниците им се обрати претседавачот на Собранието на ОРОРМ, резервниот капетан Љупчо Вуксанов кој, притоа, го нагласи значењето на конкретната и плодна соработка со МО и ГШ на АРМ, за што најдобра потврда претставува довереното јавно овластување во остварувањето на обуката на членовите на ОРОРМ и нивниот придонес во одбраната на Р. Северна Македонија, како и членот 132 од Законот за одбрана, што претставува високо вреднување на Организацијата, како субјект на одбранбениот систем.
Поздравно обраќање до учесниците на обуката имаше и д-р Тони Петрески, раководител на Секторот за цивилно-воена соработка на МО кој, притоа оцени дека овој вид практична обука е во функција на усовршување на вештините на резервните офицери и подофицери во ракувањето со пешадиско оружје.
„ОРОРМ со своето неколкуилјадно членство, меѓу кои и 807 резервни потпоручници на родовите и на службите на АРМ, кои овој чин го добија во Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во периодот 1996 – 2006 г., претставува кадровски потенцијал во одбраната, особено заради идните формациски структури на резервните сили. Во контекст на ова, МО и ГШ на АРМ целосно ќе ги поддржуваат проектите на ОРОРМ во функција на јакнење на одбранбениот



систем, а особено на оние кои се однесуваат на едукацијата и обучувањето кое треба да претставува интегрален дел на системот на обучување за потребите на одбраната на државата“, истакна, меѓу другото, д-р Тони Петрески.
Раководителот на гаѓањето, мајорот Златко Миновски, ги запозна учесниците со основните тактичко-технички карактеристики на АП 7,62мм, со намената, со начинот на ракување (полнење, нишанење, стрелба), како предуслов за остварување добри резултати.
На оваа обука беа остварени одлични и многу добри резултати кои се евидентирани во Дневник на гаѓање.
За успешната реализација на гаѓањето, посебно е значаен придонесот на 4.пешадиски баталјон на 1.мпбр, како и ангажирањето на Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРМ Кичево со кој раководи резервниот капетан Зоран Никодиноски.
Заедничкото еднодневно дружење заврши со традиционалното војничко гравче во касарната „Чедо Филиповски-Даме“ во Кичево, што го подготви 2.логистички баталјон.

# Осветлување на патоказите на младите генерации

Негувањето на слободарските традиции од минатото по пат на одбележување на значајни историски настани, е трајна програмска определба на ООЕ на ОРОРМ од Делчево и Берово–Пехчево. На овој начин се пренесува слободарскиот дух на предците од далечното минато, кој ги осветлува патоказите на младите генерации кон иднината.
На 19 мај 2019 год. во с. Разловци, голем број граѓани од Малешевскиот и од Пијанечкиот регион, на чинот на одбележувањето на 143-годишнината од Разловечкото востание преку повеќе содржини се потсетија на славното историско минато. Разловечкото востание, иако било локално востание во Источна Македонија, било самостојно организирано, материјално потпомогнато од македонската духовна и световна интелигенција и со масовно учество на населението од село Разловци. Тоа претставува прва поорганизирана и политички осмислена манифестација на вооружен отпор против турската власт во Македонија.
Традиционалниот планинарски марш на релацијата: с.Тработивиште – Брана Лошана – с. Разловци, во должина од 9 км на кој учествуваа 60-тина планинари и резервни офицери од Делчево, Берово, Пехчево, Велес и Зрновци, го организира ПСК „Голак“ во соработка со локалната самоуправа и со ООЕ на ОРОРМ Делчево. Учесниците на маршот во Спомен-домот „Разловечко востание“ присуствуваа на отворањето на ликовната изложба „Разловци на платно“. Ликовните уметници: Петар Атанасов, Александар Белогаски, Ели Енѓовска и Ангела Ефтимова се претставија со повеќе ликовни дела посветени на с. Разловци.
На спомен-плочата на поп Стојан, свежо цвеќе положија повеќе делегации, меѓу кои; градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, Советот на Општина Делчево, ПСК „Голак“, ООЕ на ОРОРМ Делчево и ООЕ на ОРОРМ Берово–Пехчево.



# Чествување

На 4 и на 9 мај, граѓаните на Делчево чествуваа две значајни годишнини кои претставуваат израз и потврда на слободарските традиции од нашето историско минато. Станува збор за одбележувањето на 116-годишнината



од загинувањето на идеологот, организатор и водач на македонското националноослободително движење кон крајот на 19 и почетокот на 20 век, Гоце Делчев кој, како што е познато, не ја прифатил одлуката на Солунскиот конгрес во 1903 година за кревање на масовно востание, бидејќи сметал дека е прерано.
На чинот на чествувањето што го организира локалната самоуправа пред споменикот во центарот на градот, учествуваа поголем број на граѓани, претставници на политички партии и здруженија на граѓани, а пригоден реферат за животот и делото на Делчев, како и културно-уметничка програма, презентираа членовите на КУД „Гоце Делчев“.
По овој повод, пред споменикот на великанот, повеќе делегации, меѓу кои: градоначалникот на Општина Делчево, претседателот на Советот на Општината, на ПСК „Голак“, како и на ООЕ на ОРОРМ Делчево, положија свежо цвеќе.
На 9 Мај, во организација на локалната самоуправа, а со учество на повеќе други субјекти, меѓу кои и претставници на ООЕ на ОРОРМ Делчево, предводени од претседателката Светлана Илиевска, беше достоинствено одбележана 74-годишнината од победата над фашизмот и Денот на Европа.

Живко Трајановски



Министерството за одбрана и припадниците на Армијата на 25 април во Градскиот парк во Скопје, со засадување на првите 150 од вкупно 315 садници во државата, се вклучија во акцијата за борба против аерозагадувањето и заштитата на животната средина



# Борба против аерозагадувањето

Акцијата за борба против аерозагадувањето и заштитата на животната средина е дел од политиката на Владата, којашто уште минатата година ги обврза сите министерства да предвидат во рамките на своите програми акции со кои ќе придонесат кон заштита на животната средина. „Денеска се вклучуваме во борбата против загадувањето кое е една од најголемите грижи на граѓаните, особено на граѓаните на Скопје" – рече министерката Шекеринска и додаде дека денеска се раззеленува еден појас важен за жителите на Скопје, појас каде сите спортуваат и претставува „бели дробови" на главниот град.

Министерката информираше дека акцијата која е поврзана и со политиката за зголемување на воено-цивилната соработка, како важна политика и за НАТО-алијансата, продолжува и во Тетово и во Кичево, градови каде што загадувањето е големо, но и каде што Армијата има свои касарни и капацитети за поддршка на оваа акција. Додаде дека целта е да се реализираат повеќе акции од овој тип во текот на целата година.

Заменикот-министер за животна средина Јани Макрадули и градоначалникот на Град Скопје Петре Шилегов им се заблагодарија на Армијата и на Министерството за активното вклучување во заштитата на животната средина. Шилегов истакна дека за година и половина во градот Скопје се засадени 18.000 садници и дека оваа акција продолжува и во иднина.

Акцијата за садење зеленило за почист воздух продолжи во Тетово, каде заменикот-министер за одбрана, Беким Максути, заедно со градоначалничката на Општина Тетово Теута Арифи и припадници на Армијата на 2 мај засадија 80 садници зимзелени дрвја во близина на хидроцентралата на реката Пена. Максути, кој активно учествуваше во засадувањето, рече дека реализацијата на оваа активност е уште еден показател за блиската цивилно-воена соработка на Министерството за одбрана и Армијата со локалните власти. „Ние оваа акција ја спроведуваме заедно со локалните власти, конкретно, денеска сме во Тетово. Идејата за зелено Тетово се вклопува во агендата на Владата од декември 2018 година кога е започната акција за засадување на нови садници на целата територија на државава. Ние продолжуваме кон реализација на овие активности и секогаш сме подготвени со нашите припадници да им помагаме на локалните власти, заеднички и во иднина да ги чуваме нашите места и нашата природа", рече заменик-министерот Максути.

Градоначалничката Арифи им се заблагодари на припадниците на Армијата и на Министерството за реализацијата на оваа активност и за поддршката за почисто Тетово. Арифи упати порака до граѓаните на Тетово кои често одат на прошетки, да ја чуваат природата и животната средина.

Акцијата со засадување нови садници се заокружи на 8 мај во дворот на општинските средни училишта „Мирко Милевски" и „Дрита" во Кичево. За време на оваа активност во која активно учество зедоа и учениците од средните училишта, беа засадени 85 садници од дрвјата ела и јавор.

Кристина Илиевска



Иницијативата Балкански медицински наменски сили – Balkan Medical Task Force (BMTF), претставува проект на „Паметна одбрана“, кој има цел преку здружување на капацитетите на земјите-членки, да изгради регионални военомедицински капацитети, способни за брз одговор на широк спектар на ситуации (катастрофи предизвикани од природни или човечки причини) и оспособување на витални военомедицински капацитети за меѓународните операции





# Одбележување на Денот на Балканските медицински наменски сили

На 14 мај во касарната „Илинден“ се одржа церемонија за одбележување на Денот на Балканските медицински наменски сили (БМНС) и достигнувањето на целосните оперативни способности од страна на оваа военомедицинска единица. На свеченоста присуствуваа заменикот-министер за одбрана Беким Максути, претставници на дипломатскиот кор во Република Северна Македонија, генерали и високи претставници на Армијата. На свеченоста беше одржана презентација за БМНС и беа доделени признанија за особен придонес на заслужни лица. Крсте Малинковски, претседателот на Управниот одбор на Балканските медицински наменски сили, во обраќањето пред присутните нагласи дека БМНС ќе продолжат да се надградуваат и да ги подобруваат нивните капацитети, за постојано да бидат подготвени да одговорат на предизвиците.



Иницијативата Балкански медицински наменски сили – Balkan Medical Task Force (BMTF), претставува проект на „Паметна одбрана“, кој има цел, преку здружување на капацитетите на земјите-членки, да изгради регионални военомедицински капацитети, способни за брз одговор на широк спектар на ситуации (катастрофи предизвикани од природни или човечки причини) и оспособување на витални военомедицински капацитети за меѓународните операции.

Преку овој проект се овозможува подобрување и оспособување на националните военомедицински капацитети, зајакнување на регионалните военомедицински капацитети за поддршка на цивилната заедница и оспособување на националните военомедицински служби за изградба на стандардизирани капацитети, со високо ниво на интероперабилност, како во регионот така и со колективните системи за безбедност.

Оваа меѓународна организација е изградена од страна на шест земји-членки: Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Словенија, Србија и Црна Гора, со поддршка од партнерските земји Норвешка и САД. Главниот штаб на единицата е со постојано седиште во Скопје.

Кристина Илиевска







# Врвни претставници на единицата, армијата и државата

Припадниците на Полкот за специјални операции – македонските „Волци“ и „Ренџери“ многупати досега докажале дека се врвни претставници на Армијата, тие се најдобар пример за тоа како се сака државата и како се дава најдоброто од себе. Припадник од Баталјонот за специјални намени, „Волци“, на исклучително тешкиот квалификациски курс за припадници на специјални единици – „Зелени баретки“, успеа да освои две први места. На десетомесечниот курс кој се реализираше во Соединетите Американски Држави, помеѓу 250 учесници од седум странски држави и земјата-домаќин, нашиот припадник беше прогласен за учесник со најдобри резултати и највисока физичка подготвеност во текот на целиот курс, а воедно беше прогласен и за најдобар интернационален учесник на курсот. Имајќи предвид дека станува збор за курс на кој учествуваат припадници на специјални единици и истиот има елиминационен карактер, каде не сите учесници го завршуваат курсот, успехот на припадникот на Баталјонот за специјални намени има уште поголема тежина.

> Граѓаните отсекогаш се гордееле со својата армија, најмногу верувале во чуварите на мирот и тоа не е без причина. Кога претставник од армијата ќе учествува во меѓународен настан, без разлика дали станува збор за вежба, обука, курс или натпревар, тие го даваат најдоброто од себе, трудејќи се притоа достоинствено и во најдобро светло да ја претстават единицата, армијата и државата

Уште еден пример за врвни достигнувања е успехот на тимот од составот на Ренџерскиот баталјон кој учествуваше на натпреварот „Најдобар војник“ кој се реализираше во Косово, каде тимот го зазеде високото второ место во конкуренција помеѓу 40 натпреварувачи од 10 држави. На овој меѓународен натпревар, покрај нашиот тим, учествуваа и тимови од Полска, Соединетите Американски Држави, Обединетото Кралство, Белгија, Канада, Турција, Косово, Хрватска и Албанија. Дисциплините во кои се натпреваруваат се мошне тешки и напорни. Натпреварите започнуваат со стандардни физички проверки, по што следи ориентација дење, потоа гаѓање со лично вооружување на различни растојанија и во различни ставови и ориентација во ноќни услови. Наредниот ден се започнува со совладување на полигон со пешадиски препреки, фрлање на рачна бомба во просторија, укажување прва помош и совладување на контаминирано земјиште, надбљудување и уочување на оредени цели и предмети. Последна дисциплина која се реализира е 15-километарски марш, со временско ограничување од 2 часа и триесет минути, со комплетна опрема и ранец од 10 килограми. Високата физичка подготвеност, посветеноста кон професијата, пожртвуваноста и мотивираноста да се претстави единицата, армијата и државата во најдобро светло, резултираше да се постигнат овие успеси. Воедно, овие успеси се уште една потврда за квалитетите кои ги поседуваат припадниците на Полкот.

З.Б.

# Одбележан Дено
# на 4. механизира







# т
# н пешадиски баталјон



На 21 мај 2019 година во кичевската касарна „Чеде Филипоски-Даме“ со воена свеченост се одбележа Денот на 4. механизиран пешадиски баталјон.

На Денот на единицата присуствуваа директорот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Зоран Милески, командантот на 1. механизирана пешадиска бригада, полковник Драган Ковачки, командантот на 4. механизиран пешадиски баталјон, потполковник Горан Трајковски, командантите на единици, поранешни команданти, пензионирани старешини од составот на единицата, претставници на единиците на локалната самоуправа, ученици од основните и средните училишта во зоната на одговорност, јавните установи и служби, како и правни и физички лица со кои единицата има долгогодишна соработка.

За време на свеченоста беа истакнати достигнувањата на единицата на национално и на меѓународно ниво, беше прогласен најдобриот вод во составот на Баталјонот, оклопно-извидувачкиот вод од командната чета, а исто така беа доделени унапредувања, награди и стимулативни мерки за старешини и војници од единицата, кои со својот придонес се истакнале и овозможиле јакнење на воениот колектив.

Припадниците на 4. механизиран пешадиски баталјон, по повод Денот на единицата, на дело ја покажаа хуманоста преку доброволно дарување на 91 крвни единици.

Во текот на постоењето на 4. механизиран пешадиски баталјон, голем број од персоналот активно учествувал во операциите за поддршка на мирот и превенција на конфликти кои се предводени од НАТО, како што се учество во мисиите: „ИСАФ“, „СЛОБОДА ЗА ИРАК“ и „АЛТЕА“ и учество на голем број меѓународни вежби. На национално ниво Баталјонот постојано врши асистенција и поддршка на органите на државната власт, на единиците на локалната самоуправа и на цивилните структури во справување со елементарни непогоди и епидемии, техничко-технолошки катастрофи и други несреќи.

Присутните, за време на свеченоста, имаа можност да го проследат тактичко–техничкиот збор, вооружувањето и опремата со која е опремена единицата.

# Израелска автоматска пушка „Tavor“

Развојот на пушката „Tavor“ започнува во 1995 година од страна на „Israel Military Industries“, во соработка со израелската армија, и трае сè до 2003 год. „Tavor“ е современа модуларна автоматска пушка со булпап-конструкција, која функционира на принципот на позајмување на барутни гасови и ротација на затворачот. Пушката поседува цевка со калибар 5,56 mm НАТО, но развиена е кит-опрема за менување во друг калибар, односно 9 mm (куршум 9×19mm Parabellum). За поголема издржливост и подолг век на употреба цевката е ладно кована и внатрешно хромирана. Внатрешно, цевката поседува 6 жлебови со десен чекор на ротација од 178 mm. Доколку има потреба цевката на пушката може да се замени од оружарот за време од 3 минути. Рамката на пушката е изработена од многу издржлив полимер, а другите механички делови се изработени од легури на челик и алуминиум. Интелигентно осмислената ергономија во комбинација со булпап-конструкцијата (која дава мала должина), малата тежина и добриот баланс, овозможуваат лесно манипулирање со пушката и нејзините команди, но и голема практичност при користење во затворени простории, дејство од возила, дејствување со една рака и друго. Командите на пушката, како што се ослободувачот на затворачот, лостот за ослободување на рамката за муниција и селекторот на стрелба (поставен од двете странина над пиштолскиот ракофат), овозможуваат нивно лесно користење, независно дали корисникот пука со лева или со десна рака. Селекторот за стрелба има 3 позиции наредени по следен редослед, позиција „S“, наменета за закочување на механизмот, позицијата „R“, наменета за полуавтоматска стрелба и позицијата „A“, наменета за рафална стрелба. Исто така, пушката има можност за преадаптација на механизмот за исфрлување на чаурите од десна на лева страна, но и на рачката за репетирање од лева на десна страна, во зависност од потребите на корисникот. Ваквата промена може да се изведе и во полски услови за време од 2 минути. На горниот дел од пушката има една долга шина MIL-STD-1913, која се поставува директно на гасниот склоп кој, пак, е поврзан со цевката на пушката. Ваквата изведба овозможува поставување на различни оптички нишани, без потреба од нивно центрирање. Пушката има вградени склопувачки преден и заден механички нишан, но нивната улога е секундарна. Механизмот за дејство, кој е сместен во задниот дел од сандакот, е изработен како еднodelна системска целина, а во неговиот состав се: гасниот клип, носачот на затворачот, затворачот со ударната игла, граничникот и повратната пружина со водиштето. Ваквата изведба на механизмот за дејство овозможува лесно и брзо вадење од рамката, кога има потреба за преглед или чистење на оружјето. Основното расклопувањето на пушката за чистење и увид е многу едноставно, а се изведува во 3 потези. Откако ќе се извади рамката за муниција и ќе се провери дали пушката е празна, прво се извлекува горната утврдувачка чивија на кундакот. Второ е спуштање на горниот дел од кундакот надоле, со цел овозможување пристап до внатрешноста на рамката и третиот потег е извлекување на еднodelниот системски механизам за дејство. Склопувањето е по обратен редослед. Расклопувањето и склопувањето на пушката може да се изведе за 6 секунди. Благодарение на модуларната конструкција на пушката и шините MIL STD 1913 (максимум 3 шини), може да се извршат надградби, односно поставување различни колиматорски, оптички, ноќни и ласерски нишани или комбинација од наведните, поставување на ногарки, бајонет, придушувач на истрел, лансер на гранати M203 од 40 mm, тактичко светло и преден вертикален ракофат. Врз основа на стандардната верзија TAVOR TAR-21, е развиена цела фамилија верзии и подверзии, и тоа: CTAR-21 со пократка цевка, микроверзијата MTAR-21 (од која е развиена верзијата X95), снајперската верзија STAR-21 опремена со ногари и GTAR-21 со поставен лансер на гранати M203 со калибар од 40 mm. За потребите на цивилниот пазар развиена е и цела фамилија пушки кои се полуавтоматски, додека за потребите на украинската армија е развиена верзија со калибар 5,45 mm (муниција 5,45x39 mm). Еден од најновите производи е верзијата TAVOR 7, со калибар 7,62 mm (муниција 7,62x51 mm NATO). Пушката се користи во воени и во полициски единици на 33 држави, а освен во Израел, по лиценца се произведува и во Бразил и во Украина.

Ивица Дамески






1. Распрснувач на пламенот/компензатор на истрел
2. Цевка со калибар 5,56 mm
3. Рачка за репетирање
4. Шина MIL-STD-1913
5. Позиција на алката од ременот за носење
6. Метална прачка од механизмот за репетирање
7. Гасна комора
8. Глава на гасниот клип
9. Гасен цилиндер
10. Носечка нерѓосувачка метална конструкција за прифаќање на главните делови
11. Затворач со ударна игла
12. Отвор за исфрлување на чаури








**13.** Носач на затворачот
**14.** Повратна пружина со водиште
**15.** Спојна чивија за утврдување/ ослободување на кундакот
**16.** Гумен кундак
**17.** Алка за закачување на ременот за носење
**18.** Механизмот на чкрапалото (склоп на удирачот на ударната игла)
**19.** Копче за ослободување на затворачот
**20.** Утврдувач на рамката за муниција
**21.** Рамка за муниција
**22.** Рачка за ослободување на рамката за муниција
**23.** Пиштолски ракофат
**24.** Селектор за стрелба
**25.** Чкрапало
**26.** Преден ракофат

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „TAVOR“ | | | |
|---|---|---|---|
| ВЕРЗИИ НА „TAVOR“ | T.A.R.- 21 | CTAR | MTAR |
| КАЛИБАР / МУНИЦИЈА | 5,56 mm / 5,56x45 mm | | |
| ДОЛЖИНА | 720 mm | 640 mm | 480 mm |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА | 460 mm | 380 mm | 250 mm |
| ТЕЖИНА ПРАЗНА | 2.800 gr | 2.700 gr | 2.400 gr |
| БОРБЕНА ТЕЖИНА | 3.635 gr | 3.535 gr | 3.235 gr |
| ТЕОРЕТСКА БРЗИНА НА СТРЕЛБА | од 750 до 900 куршуми | | |
| БРЗИНА НА ЗРНОТО НА ИЗЛЕЗ ОД ЦЕВКАТА | 890 m/s | 860 m/s | 770 m/s |
| КАПАЦИТЕТ НА РАМКАТА ЗА МУНИЦИЈА | 30 куршуми | | |



# „БМП-3“

## Борбено возило на пешадијата (*Боевая Машина Пехоты*)

„БМП-3“ е последното пешадиско борбено возило (IFV) од советската ера, произведено по „БМП-1“ и „БМП-2“. Со призведени приближно 2000 возила, денес сè уште останува во употреба со голем број на различни оператори

БМП се однесува на „Боевая Машина Пехоты“ или буквално преведено – борбено возило на пешадијата. Тоа е борбено возило од втората генерација од советско производство. Прв пат е воведено од страна на СССР во 1960-тите години и направи голема „мешаница“ на Западот. Во тоа време тие немаа ништо за споредување со ова борбено возило, како што е „М113“ и неговите еквивалентни борбени возила кои имаа помала оклопна заштита и многу послабо вооружување. Концептот на борбените возила „БМП“ може да го потврдат всушност и Германија и СССР, но од страна на советите БМП доживеа невиден степен на масовно производство за таков вид оклопни возила.

Борбеното возило „БМП-3“ влезе во употреба во доцните 1980-ти години. Околу 120 борбени возила „БМП-3“ се во служба во руската армија, додека над 900 возила се извезени во повеќе земји, вклучувајќи ги Обединетите Арапски Емирати (650 возила), Кипар (40), Индонезија (30), Кувајт (110) и Јужна Кореја (70).



Фабриката „Kurganmashzavod“ од Курган ја произведува шасијата, додека Бирото за дизајн на инструменти од Тула (КВР) е одговорно за производство на куполата. Станува збор за оклопно возило на гасеници, амфибиско, дизајнирано да се справува со оклопни цели на земја и во воздух кои се стационирани, се движат или пловат на вода. Руската армија во 2007 година им нарача на „Kurganmashzavod“производство на поголем број оклопни возила на пешадијата „БМП-3“.
Достапна е и командна верзија „БМП-3К“, која е иста како основната верзија „БМП-3“, но со дополнителна комуникациска и навигациска опрема. Верзијата која е дизајнирана за подолготрајна амфибиска операција е „BMP-3F“.
Промените во конструкцијата овозможуваат пловење по море и испукување со потребната прецизност. Верзијата „BMP-3F“ може да издржи континуирана амфибиска операција до седум часа. Извидничка верзија, „BRM-3K“, е во служба во руската армија. КВР и „Kurganmashzavod“ имаат надградено оклопни возила „БМП“ со нова купола и нов погон. Надграденото возило се нарекува „BMP-3M“, а новата купола вклучува нов автоматски систем за контрола на огнот со дигитален компјутер, нов BZS1 нишан за нишанџијата со SAGEM термална слика и ласерски осветлувач, командирски перископ TKN-AI со ласерски инфрацрвен осветлувач и нов систем за полнење на муниција. Оклопното борбено возило „BMP-3M“ ќе може да испукува повеќе видови на муниција, вклучувајќи ги и новите 100 mm ласерски водени проектили, новите 100 mm HE-FRAG (high-explosive fragmentation) проектили и новите 30 mm APSDS (armour-piercing discarding sabot) проектили.
Дополнителната пасивна оклопна заштита е ефективна и штити од проектили, 12,7 мм оклопно пробојни куршуми испукани од далечина од 50 метри. ERA (експлозивно реактивниот оклоп) е достапен како опција. Новиот мотор е UTD-32 со 660hp. Возилото е целосно амфибиско. Погонот на вода го обезбедуваат две млазници. Возилото „БМП-3“ е опремено со самоносиво сечиво, нож, со кој може самостојно да се подготви за одбранбена позиција. Посадата на ова возило е трichлена (возач, нишанџија и командир) и дополнителен персонал од седум члена. Останатите војници седат позади на две клупи кои гледаат навнатре, лице-влице. Одделот за војниците е тесен, пред сè, поради моторот кој е сместен во задниот дел на возилото. Влезот и излезот на војниците е преку задните врати и преку капаците на кровот на возилото.

„БМП-3“ за прв пат имаше „огнено крштевање“ во Првата чеченска војна. Вториот значаен ангажман во борбена акција беше со силите на Емиратите во интервенцијата предводена од Саудиска Арабија во Јемен, каде што и понатаму активно се ангажира

систем „Bastion“ (NATO ознака AT-10 Stabber). Може да уништи и тенкови со ERA оклоп, како и бавни нисколетечки цели како што се хеликоптерите. Дострелот е од 100 м до 4000 м. Веројатноста на погодок е најмалку 0,8 со оклопна пенетрација од 600 мм. Полнењето на муницијата е 8 куршуми. Вооружувањето, исто така, вклучува 30 мм „2А72“ автоматски топ, стабилизиран на две оски, кој испукува 3UOR-6 или 3UOR-8 проектили. Борбениот комплет е 500 AP (Armour-Piercing) или HE-FRAG гранати. Брзината за гаѓање е повеќе од 300 проектили во минута. Дострелот е од 1500 до 2000 м. Има и еден ПКТ 7,62 мм впрегнат митралез и уште два митралези со калибар 7,62 мм.



Двајца војници се лоцирани на секоја од страните на возачот и оперираат со митралезите кои се поставени на лаковите од возилото.
Изгледот на борбеното возило БМП-3 наликува на лесен тенк. Има значително подобрена заштита за разлика од неговите претходници „БМП-1“ и „БМП-2“. Има странично монтиран мотор за подобра распределба на тежината и подобрени амфибиски способности. Главното вооружување е 100 mm 2А70 полуавтоматски топ/лансер на проектили, кој е стабилизиран на две оски и може да ги испукува двете 3UOF HE-FRAG проектили или 3UBK10 противтенковски водени проектили. Ефективниот опсег за HE-FRAG проектили е 4000 m. Почетната брзина е 250m/s. Вкупно 22 HE-FRAG проектили може да се складираат во автоматскиот полнач, додека борбениот комплет е 40 проектили. Брзината на гаѓање е 10 проектили во минута (стандард е 6 проектили во минута). Топот испукува 3UBK10 противтенковски водени ракетни проектили кои се состојат од 9М117 ласерски проектил и контејнер. Оваа ракета се користи во ракетниот

Оклопните возила „БМП-3“ може да бидат опремени со АРЕНА заштитни средства развиени од страна на „КВМ Kolumna“. Системот се состои од радар за детекција и следење на цели, компјутер и единица за обработка и заштитна муниција. Системот е автоматски, радарот ги пренесува податоците за следење на компјутерот кој ги избира бројот на куршуми и го контролира испукувањето. Возилото, исто така, може да биде опремено со систем за заштита „Shtora“, кој ги одбива противтенковските водени оружја со SACLOS (semi-automatic command to line-of-sight).
Куполата и трупот на возилото се изградени од оклоп од алуминиумски легури. Заштитата вклучува и надворешни челични траки кои се поставени на куполата, странични оклопни панели кои сереместуваат и двојно дно на предниот дел на возилото. Опремата за NBC заштита вклучува единица за филтерска вентилација, како и херметичко запечатување. Овој систем се наоѓа во задниот дел на возилото, како и системот за исфрлување, кои



заедно со редуцираната должина на издувниот систем за вентилација на гасот служат за намалување на топлината на возилото.
Системот за контрола на огнот е автоматски, со рачно приспособување и за командирот и за нишанџијата. Тој вклучува балистички компјутер 1V539, електромеханички стабилизатор за вооружувањето 2E52 и ласерски далечинометар 1D16. Нишанџијата има 1K13-2 главна нишанска направа, комбинирана дневно-ноќна нишанска направа и PPD-1, дневен нишан во приправност. Командирот има 1PZ-10 дневен нишан и TKN-3 комбиниран дневен појачувач на сликата и ноќен нишан. Француската компанија „SAGEM“, со „Kurganmashzavod“ и „Peleng“ од Белорусија го развија „Namut“ термичкиот нишан за „БМП-3“. Нишанот е базиран на „SAGEM Athos“ 8-12 микрони и со него се опремени „БМП-3“ борбените возила кои се испорачани во ОАЕ. Моторот е UTD-29 diesel V-shape кој развива 500hp. Попречниот носач на моторот ги движи погонските тркала, карданската оска за млазниот погон за движење на вода и електричната пумпа која се наоѓа најдолу. Трансмисијата е хидромеханичка (4+1 степен на пренос), со хидростатички менувач за управувачки механизам и моќ за одвојување на млазовите вода. Тежината на основната варијанта на „БМП-3“ е 18,7 тони, со автономија на движење до 600 км. Останатите спецификации на ова борбено возило се: должина: 6,73 метри;широчина: 3,15 метри; висина: 2,45 метри; максимална брзина: на пат 70 км/ч, пловење 10 км/ч;вооружување: 100mm 2A70 semi-automatic rifled gun/missile launcher, 30mm 2A72 automatic gun,7.62 PKT coaxial, 2 x 7.62mm bow machine guns; мотор: UTD-29 diesel engine developing 500hp. Борбеното возило „ВМР-3“ за прв пат беше прикажано во јавноста за време на Парадата на победата во 1990 година. Го доби НАТО кодот „IFV M1990/1“. Вкупно, од тогаш, серискoто производство на „БМП-3“ ја помина бројката од 1.500 модификации. „БМП-3“ за прв пат имаше „огнено крштевање“ во Првата чеченска војна. Вториот значаен ангажман во борбена акција беше со силите на Емиратите во интервенцијата предводена од Саудиска Арабија во Јемен, каде што и понатаму активно се ангажира. Во мај 2015 година, беше потпишан тригодишен договор за неколку стотини дополнителни „БМП-3“, кои ќе бидат замена на „Курганец-25“ во последните фази на развој. „ВМР-3“ во моментов се продава од страна на „Rosobonexport“ во две варијанти: основен ВМР-3 (дополнителен оклоп, SOZH-M систем за следење, FOV стабилизатор на топ, ноќен нишан Vesna-K) но, исто така, и ВМР-3F оптимизиран за поморски операции. Постојат повеќе варијанти на ова возило: „ВМР-3К“ командни возила; „ВМР-3F“ амфибиско возило со подобрени амфибиски способности на кои е отстранет самоносечкиот нож; „ВМР-3М“ подобрена верзија за извоз;„BRM-3Rys“ извидувачко возило; „ВМР-3 Dragoon“, модернизиран со автоматски управувана купола; „BREM-L Beglianka“, оклопно возило за извлекување со 5-тонски кран и со чекрк со капацитет 20/40 metric tonne; „9P157-2 „Khrizantema-S“, специјализирана противтенковска верзија опремена со системот Khrizantema (AT-15), радар и ласерско насочување; „9P163M-1 Kornet-T”, втора противтенковска верзија со ракетен систем „Корнет“ (AT-14); „2S18 Pat-S” Self-propelled 152 mm howitzer 2A61 “Pat-B”, prototype; „2S38 Derivaciya“ PVO self-propelled anti-aircraft gun. Користи шасија на „ВМР-3“, но има безпосадна купола со топ 57 mm; „2S31 Vena” Fire support vehicle, носач на минофрлач 120 mm; „DZM Vostorg-2” CEV (Combat engineer vehicle) со дозерско сечиво и корпа за ископување, Prototype; „UR-07“ Mine clearing vehicle replacing the UR-77 „Meteorit”; „UNSh“, основна шасија за специјализирани варијанти; KhTM-варијанта за обука на возачи; „TKB-841 Hermes Air-defence vehicle“ со проектили со голема брзина и радарски систем (prototype); UDAR-безпосадно теренско возило. Овие возила се извезени во голем број земји низ светот и имаат учествувано во поголем број на конфликти, пред сè во поранешниот Советски Сојуз. Оклопните борбени возила „БМП-3“ се извезени во: Азербејџан (100), Кипар (43), Индонезија (54), Кувајт (околу 200), Јужна Кореја (70), Украина (4), Обединетите Арапски Емирати (околу 650) и Венецуела 130). Мароко нарача 60 вакви борбени возила. Возилото „БМП-3“ сè уште се произведува. Во февруари 2011 година ОАЕ потпишаа договор со „Rosoboronexport“, руски извозник на оружје, во вредност од 74 милиони долари за надградба на своите 135 „ВМР-3“ возила во „ВМР-3М“ стандард.

Идриз Идризоски





# Историја на борбените и воените ножеви

Ножот, најверојатно, е најстарата алатка на човештвото како рачна алатка за сечење. Со генерации човештвото продолжува да ги користи ножевите речиси во секој дел од животот. Колку што долго тие се користат како алатки, тие исто толку се користат и во борба. Приказната за ножевите како оружје е толку сложена колку што е и долга. Како што може да се претпостави, сите алатки со сечиво може да се следат од палеолитот, кога човештвото излегло од пештерите, што довело до развој на цивилизацијата – првиот технолошки скок на човештвото напред. Алатките биле едноставни и нерафинирани, направени првенствено од камења или кремен со груби острици, кои биле користени за лов, за кастрење или за грубо сечење.

Пронаоѓањето и развојот на алатите за сечење се резултат на општите потреби за опстанок. Тие му овозможиле на човекот да стигне до врвот на синџирот на исхрана за релативно краток временски период. Без ножеви, нашите предци би немале можност да ловат, да собираат храна, да градат домови за себе или да се бранат себеси

Со текот на времето, облиците ќе се променат од неправилни камења до препознатливи сечила во облик на стрела, иако тие сè уште биле премногу груби во споредба со ножевите што ќе се појават подоцна. Честопати овие камени ножеви биле украсени со кожа, понекогаш и со крзно на нивните рачки, создавајќи ја познатата форма на ножеви што ја познаваме денес. Бронзеното време речиси целосно го сменило изгледот на ножевите. Каменот бил напуштен како материјал на сечилото, бидејќи металите како бакарот и бронзата биле подобри за многу поефикасни и потрајни алатки за сечење. И, додека технологијата сè уште била груба при нивната изработка, времето на бронзата навистина го означило моментот кога ножот почнал да се претвора во уметност. Веројатно најзначајните ножеви кои излегле од ова време биле бакарните

ножеви „Бикер“. Едноставни во нивната конструкција, овие ножеви се состоеле од сплескано бакарно триаголно сечило со заоблени рабови, интегрирана дршка и зашилен врв. Иако овие ножеви биле голем чекор напред од камените ножеви развиени претходно, овие ножеви сепак биле далеку од она што ќе се развие во следните години. Со создавањето на челикот, човештвото влезе во својата прва вистинска златна ера, време кога цивилизацијата почнала да оди со големи скокови напред. Ова е, исто така, времето на Римската Империја и еден од најнасилните периоди во историјата, како што Римјаните се шireле низ цела Европа. На пример, во Северна Европа, при археолошките ископувања се откриени примери на англосаксонски војнички нож, долг бодеж кој се носел низ средниот век, а кој се користел како блиско боречко оружје и универзален нож. Исто така, се појавиле и два други ножа, и двата во форма на бодежи, наречени „Рондел“ и „Болок“. Во тоа време почнува да се појавуваат поголем број препознатливи форми на ножеви, јасно наменети за прободување наместо за сечење. Можеби најзначајниот и препознатлив нож кој излегол од овој период е римскиот „Пуџо“. Како и неговиот поголем колега, „Гладиус“ (краток меч), тој бил стандарден нож за блиска борба којшто го носеле римските војници. Овие ножеви биле и оружјето што го избрале заговорниците кои го предале и го убиле Јулиј Цезар. Борбените ножеви од овој период не биле само резултат на западната култура, и во источната култура можат да се најдат многу примери. Еден нож кој го издржал тестот на времето е јапонскиот нож „Танто“. Одликувајќи се со право сечило со ненадеен агол кон врвот на ножот, овие ножеви се слични на јапонските долги мечеви. И додека тие често се користеле во блиска борба, исто така биле широко користени и во вршењето на сепуку – ритуално самоубиство со цел да се обнови лична или фамилијарна чест. Прединдустриското време е периодот кога биле создадени некои од најпрепознатливите ножеви коишто некогаш биле направени. „Карамбит“ е нож од 11 век кој немал репутација како борбен нож. Тој потекнува од Југоисточна Азија, најверојатно од Западна Суматра. „Карамбитот“ кој според формата се базирал на ноктот од ногата на тигар, на почетокот бил користен како земјоделска алатка. Како што минувало времето и овој нож бил пренаменет во оружје. Сечилото станало поостро, повеќе заоблено, а денес има дури и преклопен карамбит за полесно прикриено носење. Денес, она што некогаш беше селски нож, е еден од најстрашните борбени ножеви во светот.

„Кукри“ е нож од 16 век кој станал омилено оружје на легендарните војници „Гурка“, непалски воини регрутирани во британската армија уште од средината на 1800-тите. Овој нож е повеќе сличен на мачета отколку на другите помали борбени ножеви. Како и за „карамбитот“, така и за овој нож се смета дека има потекло од земјоделските алатки и е пермутација на српoвите за жнеење.

„Дирк“ е посебен нож од 17 век во форма на бодеж, широко поврзан со морнарите од времето на едрениците, кој потекнува од бреговите на Шкотска. Дизајниран исклучиво за борба, овој нож е направен конкретно за прободување при блиска борба, со што бил совршено помошно оружје при напаѓање на непријателските бродови. Тој бил толку ефикасен како морнарички борбен нож, што во многу морнарици низ светот бил стандардна опрема за нивните морнари и офицери. „Наваха“ е шпански нож на преклопување од 17 век, кој имал големо влијание врз останатите преклопувачки ножеви. Тоа не значи дека Шпанците ги измислиле – таа чест им припаѓа на раните Римјани, но сигурно во нивната изработка биле долго пред останатите. Ова може да се види првенствено кај нивниот „Наваха“ борбен нож. Овие рудиментирани ножеви на преклопување честопати биле мошне раскошни и најмногу користени од шпанските цигани. Овој нож бил вграден во шпанската боречка вештина позната како „esgrimas de navaja“ и била предавана во училиштата во јужните делови на земјата.

„Пеш-кабз“ е еден од најпознатите повеќенаменски борбени ножеви во светот. Овој нож потекнува од 17 век од Персија и бил специјално создаден за пробивање на верижните борбени оклопи. Тие најчесто се состоеле од долго, закривено сечило во вид на бодеж со рачка и дебел ‘рбет, особено корисен за додавање на сила на движењето за прободување. Овие ножеви биле мошне раскошни








и убави. „Боуви“ е еден од ножевите од 19 век кој бил познат благодарение на Џејмс Боуви, познат борец со нож кој починал во Аламо. Решен да биде основа за повеќето модерни борбени ножеви, оригиналниот нож „Боуви“ бил исклучително едноставен. Се состоел од голема рамна острица со многу едноставна рачка. Тоа не било елегантно оружје, но бил издржлив и долготраен, квалитети кои се одлични за еден повеќенаменски нож.
„Факон“ е нож од 19 век кој го употребувале гаучосите од Јужна Америка и бил нешто помеѓу „Боуви“ наменскиот нож и раскошните борбени ножеви од минатото. Се одликува со голема цврста острица и бил украсен со различни дизајни, како самиот нож така и неговата футрола. „Дак-дак“ е француски нож од 20 век и е интересен пример за генијалноста на насилството. Првично направен како едноставен и евтин нож за работниците, овој нож на склопување кој лесно можел да се сокрие бил пренаменет во оружје за време на алжирскиот бунт во 1950-тите и 1960-тите, кога тој се користел за атентати.
За современата ера особено е интересно тоа што преовладува масовното производство, а индустријализацијата на светот поврзана со ширењето на двата светски конфликти всушност ја водеше иднината на борбените ножеви истовремено по две патеки. Прво, ножевите ќе станат помалку раскошни но со поагресивен изглед, бидејќи било полесно да се направат масовно, без сложени форми или дизајни. Во прединдустриската ера борбените ножеви често биле правени за да служат како борбени алатки, додека оние од минатото требало да завршат и неколку различни задачи.

> Времето помеѓу падот на Рим и индустријализацијата се совпаѓа со создавањето на веројатно најширокиот спектар на борбени ножеви, како нуспроизвод од комбинацијата на регионални случувања, како во културата така и во војувањето, а светот се оддалечува од идејата на кралствата и се појавуваат почетоците на глобализацијата

Ова значеше дека нивната форма беше строго за борба и за ништо друго. Ова најизразено може да се види кај ножевите како „карамбит“ и „кукри“. Со модернизација, дојде потребата за ножеви кои ќе бидат повеќенаменски. Секако, тие сè уште биле првенствено за борба, но тие исто така лесно можеле да помогнат за извршување на други задачи коишто војниците требале да ги извршат надвор од борбите, пред сè како основна алатка за преживување. Еден од најраните примери на новиот борбен нож кој се појавил во практика е традиционалниот рововски нож. Типично, овој нож се карактеризира со сечило во вид на бодеж, ергономска рачка и заштита околу неа во вид на боксер. Некои од нив, исто така, на врвот на рачката имале и метални врвови. Најчесто им биле давани на елитните пешадиски единици, додека стандардната пешадија едноставно била опремена со бајонети. Сепак, овие ножеви ќе бидат заменети поради нивната бруталност која била прекумерна, и на крајот, забранети со Женевските конвенции. Со тоа, тие престанале да се користат пред Втората светска војна. Од Втората светска војна до денес, формата на повеќето борбени ножеви е колку-толку стандардизирана. Треба да се каже дека повеќето од нив имаат слични форми - најчесто некаде помеѓу старите стилови на бодежи и посовремени „боуви“ ножеви.
Се разбира, има многу простор за толкување, особено поради големиот пораст на преклопните и фиксните ножеви кои се достапни за јавноста. Како и да е, ако се гледа во некои од највлијателните модерни борбени ножеви, можат да се забележат сличности во нивните форми на острицата, стилот на рачката и друго. Некои од најважните примери за современите борбени ножеви, денес се направени во иста или во слична форма. На пример, маринскиот корпус на САД своите војници ги задолжува со борбен нож од производителот „Ка-Бар“ (исто така познат како борбен нож „Марк 2“), сличен на борбен нож од 1942 година. Слично на тоа, производителот „Гербер“ нуди верзија на нивниот борбен нож „Марк II“, кој е инспириран од шкотскиот модел „Дирк“ од 1966 година. И тоа е само почеток, бидејќи речиси сите светски армии, исто така, имаат договори со различни производители на ножеви, а сите тие имаат некоја своја верзија на борбен нож или некој што е инспириран од борбените ножеви од минатото. Денес постојат бројни примери на современи борбени ножеви кои се достапни ширум целиот свет. Некои од нив се креација на дизајните од минатото, додека други се нови еволуции на нивните претходници.

Александар Стојчевски



# Хеликоптер „MIL Mi-38“

Хеликоптерот „Мил Ми-38“ е дизајниран од страна на компанијата „Mil Moscow Helicopter Plant“ и првично бил наменет како замена за хеликоптерите „Ми-8“ и „Ми-17“ во воени и во цивилни верзии. Генералниот директор на руската компанија „Russian Helicopters“ за новинарите ќе изјави дека, по правило, војската поставува построги барања за опремата што ја употребуваат отколку цивилните оператори. Во таа насока, за очекување е дека врз основа на резултатите од оперативните обиди со руските вооружените сили и нивните препораки, подобро би се разбрало натамошното подобрување на перформансите на новиот хеликоптер. За првпат полетал на 30 октомври 2004 година, со лет од 750 километри на маршрута од Казан до Москва, а сертифициран е на 30 декември 2015 година. Од 2013 година, тестирањата на прототипот „Ми-38“ се одвиваат со руски мотори од типот TV7-117V. Неговиот развој бил иницирран во 80-тите години на минатиот век, а за прв пат еден модел е претставен на воздухопловниот саем во Париз во 1989 година. После распадот на СССР, во 1994 година е основана компанијата „Euromil“ од страна на руските компании „Kazan“ и „Mil“, во соработка со европската компанија

Хеликоптерот „Мил Ми-38“ е среден, повеќенаменски транспортен хеликоптер, релативно нов и во употреба од пред неколку години. „Ми-38“ може да носи товар и патници, вклучувајќи ВИП патници, а исто така може да се користи и како хеликоптер за пребарување и спасување и за потребите за медицинска евакуација. Постои опремена варијанта за принудно слетување на вода, како и за оперирање за потребите на нафтените компании



„Eurocopter“. Во суштина, „Eurocopter“ требало да биде промотор на новиот хеликоптер на западниот пазар, но компанијата се повлекува од соработката во текот на 2003 година. Поделбата помеѓу компаниите е јасна: „Mil Moscow Helicopter Plant“ е одговорна за развој и проектирање, за компонентите и за тестирање на летовите, а „Kazan Helicopters“ е одговорна за производство на трупот, роторите и за составување на елементите. „Pratt & Whitney Canada“ и „Pratt & Whitney Russia“ ги снабдуваат моторите, а компанијата „Thales“ врши снабдување со авионски пакет на опрема и системи.
На 10 јануари 2018 година „Kazan Helicopter Plant“ објави дека започнало сериско производство на хеликоптерот „Ми-38“. Руските вооружени сили планираат да купат повеќе хеликоптери „Ми-38“ до 2020 година. Се проценува дека „Ми-38“ ќе чини 2,5 пати повеќе од „Ми-8“, но околу два пати помалку од своите странски конкуренти „Sikorsky S-92“ и „Agusta Westland EH-101“.
Во раните фази од развојот, хеликоптерот „Ми-38“ се сметаше за модернизација на „Ми-8“. Сепак, хеликоптерот се појави со сосема нов дизајн и со модерен авионски пакет, а конструкцијата е целосно направена од композитни материјали. Хеликоптерот „Ми-38“ значително го надминува својот претходник „Ми-8“ во своите перформанси и способности.
Хеликоптерот беше јавно откриен во 2011 година за време на рускиот аеромитинг, каде што беше спроведен демонстрациски лет. Основната цивилна верзија доби сертификација во декември 2015 година, но испораките што требаше да се направат во полза на комерцијалните компании беа последователно одложени на неодредено време. Ова се должи на одлуката на производителот да воведе дополнителни измени со цел да ги отстрани преостанатите странски компоненти и технологии. Ваквиот пристап е резултат на зајакнување на санкциите од САД и од Европската унија, а од друга страна е јасно изразената желба да се има целосно руски производ. Во 2017 година руското Министерство за одбрана го додели првиот договор за хеликоптерите „Ми-38“ со рок на испорака во текот на 2018 и 2019 година.
Хеликоптерот „Ми-38“ е опремен со целосен пакет на систем за податоци (On-Board Data Acquisition Systems), интегрирани дигитални системи за навигација (Integrated Digital Flight Navigation System) со ЛЕД дисплеи, како и со опрема за заштита на горивниот систем (Explosion-Proof Protected Fuel System). Во хеликоптерот се инсталирани: Four-Channel Autopilot, Automatic Navigation System, Weather And Navigation Radar, Vehicle Monitoring System, Autostabilisation System, Fly-By-Wire Controls, Manual Back-Up Controls, Flight Control System, Automatic Landing Modes, Air Conditioning и многу друга опрема и системи. Хеликоптерот се нуди со мотори од источно, но и од западно потекло, на избор на клиентите (Klimov TV7-117V или Pratt & Whitney Canada PW127/TS).

## Карактеристики

Хеликоптерот „Ми-38“ е повеќенаменски и може да носи товар и патници, вклучувајќи ВИП патници, а исто така може да се користи и како хеликоптер за пребарување и спасување и за потребите за медицинска евакуација. Постои опремена варијанта за принудно слетување на вода, како и за оперирање за потребите на нафтените компании. Предвиден е за работа во екстремни услови на Арктикот. Тој е управуван од страна на двајца пилоти. За мисии за транспорт на карго може да биде управуван од еден пилот, а вториот пилот е потребен само во случај на превоз на патници. Во кабината може да бидат сместени 32 патници или 16 носилки. Во однос на одредени критериуми, би можел да се вброи во категоријата на тешки хеликоптери. Способноста за носивост беше зголемена на 6 тони за внатрешниот и 7 тони за надворешен товар, во споредба со 3 и 4 тони за својот претходник. Оттука, „Ми-38“ претставува еден вид нова генерација на хеликоптерот „Ми-8“.
Досега при тестирањето на прототиповите биле постигнати повеќе рекорди. На пример, вториот прототип на хеликоптерот „Ми-38“ постави рекорд за лет на голема височина, достигнувајќи 8.620 метри без товар, што е исклучително екстремна надморска височина за еден хеликоптер. Понатаму, беа достигнати два дополнителни рекорди поврзани со надморската височина: лет на 7.895 метри со носивост од 1.000 килограми и лет на 7.020 метри со носивост од 2.000 килограми. Постигнати рекорди поврзани со брзината на искачување беа: достигнување на височина од 3.000 метри за шест минути, а потоа следуваше достигнување височина од 6.000 метри за 10 минути и 52 секунди. Хеликоптерот „Ми-38“ може да работи при различни климатски услови, вклучувајќи ги и поморските, тропските и студените средини и температури во опсег од -60°C до + 50°C. Техничките решенија реализирани во „Ми-38“ му даваат супериорна максимална носивост, капацитет на патници и клучни индикатори за изведбата во однос на другите хеликоптери во својата класа.

Драган Павловски



| ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ | |
|---|---|
| КАПАЦИТЕТ | до 32 патници |
| ВНАТРЕШЕН ТОВАР | 6000 кг |
| НАДВОРЕШЕН ТОВАР | 7000 кг |
| ДОЛЖИНА | 19.00 м |
| ВИСОЧИНА | 5.13 м |
| ТЕЖИНА НА ПРАЗЕН ХЕЛИКОПТЕР | 8.300 кг |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ | 16 200 кг (со тенденција до 18 000 кг со мотори TV7-117V) |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 300 км/час |

# Продор на современиот салафизам во Германија




Германската домашна разузнавачка служба собира и анализира информации за екстремистички, терористички и други недржавни и државни актери кои претставуваат закана за безбедноста и, секако, ги анализираат активностите на странските разузнавачки служби насочени против нивната држава. Главна цел е за сите собрани информации и за безбедносната состојба да ја информира Сојузната влада. Врз основа на процените на БФВ презентирани во годишниот извештај, во Германија има повеќе од 25.000 исламисти, а скоро 2000 од нив претставуваат директна закана по безбедноста. Овој извештај се смета за најважен показател која ја претставува реалната состојба за внатрешната безбедност во Германија. Во 2016 година бројот на исламисти бил 24.425, за во 2017 година да порасне на 25.810. Интересно, во извештајот не се споменуваат никакви процени за бројот на следбеници на терористичките организации „Ал Каеда“ и „Исламска

Според анализите на германската домашна разузнавачка служба БФВ - Bundesamt für Verfassungsschutz, во изминатите пет години бројот на припадниците на исламистичката салафистичка секта е двојно зголемен и за прв пат надминува бројка од 10.000





држава“. Како резултат на овие анализи, вистинскиот број на исламисти во Германија несомнено е повисок од 25.810. Според извештајот, припадниците на салафистичката секта, ја сочинуваат најголема исламистичка група во Германија. Во изминатите години бројот на салафистите во Германија постојано беше во пораст: 4500 во 2012 година, 5500 во 2013 година, 7.000 во 2014 година, 8350 во 2015 година, 9700 во 2016 година, 10.800 во 2017 година. Салафистите се сметаа себеси за заштитници на оригиналниот, апсолутно чист ислам. Тие ја моделираат својата религиозна практика и начин на живот исклучиво врз принципите на Куранот, пророкот Мухамед и првите три муслимански генерации т.н. праведни предци. Како последица на тоа, салафистите сакаат да воспостават „теократија” според нивното толкување на правилата на шеријатот, во кои не се применува либералниот демократски поредок. Општо земено, салафизмот може да се подели на три правци: традиционални, политички и милитантни. Традиционалните правци ја базираат својата практика врз чистотата на учењето. Тие се обидуваат да ги исклучат од своите животи сите влијанија што ги сметаат за неисламски и тие се фокусираат, пред сè, на побожноста и на духовноста на поединецот. Вториот тип се политички салафисти или акционисти. Нивните следбеници сакаат да го наметнат своето разбирање за исламот не само кај муслиманите туку и на целото општество. Учесниците на политичкиот салафизам ги отфрлаат демократските процеси како што се изборите. Меѓутоа, постојат исклучоци за ова, на пример, Салафистичката политичка партија во Египет во 2011 година. Третата и најопасна група салафисти се милитантните или салафистите кои се дел од терористички организации. За разлика од мнозинството салафисти, тие не ја отфрлаат употребата на насилство и сметаат дека тоа е легитимен начин да ги остварат своите верски и политички цели. За нив непријатели не се само западните сојузници, туку и другите муслимани со различни ставови. Отфрлањето на различните размислувања за исламот и тврдењето дека верата станува дегенеративна се познати како „такфир”. Ова се користи за легитимирање на насилството дури и против муслиманите кои размислуваат спротивно од нив.

Порастот на салафизмот во Германија делумно е поттикнат и од чеченските мигранти. Нивното влијание е најзабележително во источна и во северна Германија, како и во Северна Рајна-Вестфалија. Од вкупно 1000 џихадисти кои се приклучиле на веќе разбиената терористичка организација „Исламска држава“, 300 се од Северна Рајна-Вестфалија

Политичките и милитантните салафисти имаат иста почетна основна идеологија. Тие првенствено се разликуваат во средствата со кои тие сакаат да ја постигнат својата цел, „салафистичката теократија“. Политичките салафисти ја шират својата исламистичка идеологија преку интензивни пропагандни активности кои тие ги опишуваат како „мисионерска работа“, односно преку долгорочен процес да го трансформираат општеството според салафистичките норми. Многу политички претставници на салафизмот се декларираат како противници на тероризмот, нагласувајќи ја мирната природа на исламот и ги критикуваат отворените повици за насилство. Сепак, треба да се забележи дека политичкиот салафизам има амбивалентен однос кон насилството, бидејќи во принцип не го исклучува религиозно инспирираното насилство како средство за постигнување на своите цели. Во нивното толкување на исламот, политичките салафисти прават селекција во користењето на исламската литература, преку што се потврдува силен афинитет за насилство кон немуслиманите. Салафистите веруваат дека тврдењата за исламот во исламските свети книги и литература, поради неговата супериорност како божествен план за спасение за целото човештво, ако е потребно, мора да се наметне со сила. Затоа, афирмацијата на насилството е суштински дел од салафистичката идеологија. Двата салафистички правци, политичкиот и милитантниот, имаат различни но и „лесно прифатливи“ гледишта според кои насилството може да се користи како средство за исполнување на нивната идеолошка цел. Ова ни укажува на леснотијата во преминувањето од



политички во милитантен салафизам. Според анализите на германската разузнавачка служба, салафистите ги фокусираат своите напори за прозелитизам (грчки-proselytes - занесеност по новопримена вера, уверување и настојување за придобивање што поголем број нови следбеници на некоја вера, идеја, наука) и регрутирање на мигрантите кои бараат засолниште во Германија. Под превезот на хуманитарна помош која ја користат како параван, исламистите успеваат да ги радикализираат мигрантите. Тие се инфилтрираат во бегалските кампови, им пристапуваат на мигрантите нудејќи им помош. Целната група не се само возрасни личности, туку и адолесценти кои се без придружба и кои поради нивната состојба и возраст се посебно ранливи и подложни на салафистичките религиозно-индоктринирачки активности. Различните пропагандни активности на салафистите, како прозелитизмот и поканата за приклучување на луѓето кон исламизмот, претставува систематска индоктринација и честопати е почеток на радикализација. Од анализите на германската разузнавачка служба можеме да констатираме дека оваа индоктринација е сосема успешна, односно, салафизмот е најбрзо растечкиот исламистички тренд во Германија. Салафизмот претставува основа за понатамошно вклучување кон милитантните исламистички групи кои повикуваат на џихад против „неверниците“. Сите лица од Германија кои се приклучиле кон милитантните структури претходно биле во контакт со салафистичката идеолошка матрица. Речиси сите милитантни исламистички напади и обиди за извршување на

> Германија воведе гранична контрола во септември 2015 година поради масовниот прилив на бегалци кои доаѓаа од Австрија. Проверките беа вршени на патиштата во прекуграничната зона и на различни точки долж границата. Нивната цел беше надворешната граница на ЕУ да биде безбедна за да се намалат проверките на внатрешната граница

напади се извршени од лица кои се радикализирале преку салафизмот. Ова се однесува и на Анис Амри, кој го изврши крвавиот напад на Божиќниот базар во Берлин во декември 2016 година. Исламистичкото движење во Северен Кавказ се карактеризира по широко распространетата, но прикриена мрежа ширум Европа, која има разиено добра бариера од надворешен продор. Клучен фактор за радикализација се личните контакти, кои се поврзуваат преку елементите од религијата и традиционалната структура на група на луѓе кои се обединети според вистинско или измислено крвно сродство и заеднички предок. Исламистите од Северен Кавказ воспоставуваат контакти со другите исламистички групи и врз основа на „успесите“ на нивните борци во Ирак и во Сирија. Сето ова, според БФВ, укажува на директна врска помеѓу зголемувањето на антисемитизмот во Германија и порастот на исламистичките движења во земјата. Исламистичката пропаганда често ги комбинира религиозните, територијалните и национално-политичките мотиви со антисемитски поглед кон светот. Непријателскиот однос кон јудаизмот претставува централен столб во пропагандата на сите исламистички групи. Во 2017 година забележани се голем број антисемитски инциденти. Спектарот на инциденти се движи од антиизраелски транспаренти на јавни настани и антисемитски проповеди со антисемитски постови на социјалните медиуми и вербални или физички индивидуални напади врз Евреи. Сите исламистички групи кои се активни во Германија шират и негуваат антисемитски идеи, што претставува значаен предизвик за мирен и толерантен соживот во Германија. Второ по големина е турското исламистичко движење во Германија, „Мили горуш“ (национална перспектива), кое брои околу 10.000 членови. Движењето е силно спротивставено на интеграцијата на муслиманите во европското општество. Движењето верува дека правичниот политички поредок треба да е основан на божествено откровение, додека оние системи дизајнирани од луѓето се бесполезни. Во моментов, според нив, доминира западната цивилизација, преку насилство, неправда и експлоатација на слабите. Овој „погрешен“ систем мора да се замени со „правичен поредок“, кој се заснова исклучиво на исламски принципи, а не на вештачки „произволни правила“. Сите муслимани треба да придонесат за остварување на „правичниот поредок“. За да го направат





ова, муслиманите мора да прифатат одредена визија за светот, претставена од ова исламистичко движење. Терминот „мили горуш“, исто така се однесува и на „религиозната визија” на организацијата која ја нагласува моралната и духовната сила на исламската вера и го објаснува падот на муслиманскиот свет како резултат на имитацијата на западните вредности (како што е секуларизмот) и несоодветна употреба на западната технологија. Движењето, освен во Германија, е активно во речиси сите европски земји, како и во Австралија, во Канада и во САД.

Во 2004 година германската Влада го формираше Здружениот центар за борба против тероризмот – Gemeinsames Terrorismusabwehrzentrum, за борба против милитантниот исламизам. Центарот се состои од 40 агенции за внатрешна безбедност, кои преку одредена платформа соработуваат и комуницираат. Овие агенции здружено работат за идентификување на потенцијалните терористи и, меѓу другото, вложуваат огромни напори за дерадикализација. Заедничкиот интернет центар – Gemeinsames Internetzentrum, е создаден во 2007 година, а работи на спречување на сајбер-заканите и на следење на милитантните исламистичките мрежи. Дополнително, во ноември 2012 година беше формиран Здружениот центар за борба против екстремизам и тероризам – Gemeinsames Extremismus und Terrorismusabwehrzentrum, со цел да се обезбеди сеопфатна платформа за соработка во борбата против деснокрилниот и

> Се проценува дека покрај Салфистичкото движење и организацијата „Мили Горуш“ во Германија има 1040 припадници на „Муслиманското братство“, 950 членови на „Хезболах“ и 320 членови на „Хамас“

левокрилниот насилен екстремизам и тероризам. Во рамките на германската стратегија за сајбер-безбедноста, Министерството за внатрешни работи во јануари 2017 година го отвори Центарот за информатичка технологија и безбедност – Zentrale Stelle für Informationstechnik im Sicherheitsbereich. Овој центар истражува и развива нови методи, физички или сајбер-продукти и стратегии за борба против криминалот и тероризмот на интернет. Германската надворешна разузнавачка агенција БНД – Bundesnachrichtendienst, е одговорна за надзор и за следење на екстремистичките активности надвор од Германија. Агенцијата се потпира на сигнално разузнавање, разузнавачки податоци од отворени извори, човечки извори и разузнавање со употреба на слики. Германската федерална полиција – Bundespolizei, има задача да ги заштити германските граници од илегалните мигранти кои ги избегнуваат граничните контроли на шенген-зоната. Федералната полиција, исто така, е одговорна за полициско работење на 700-километарскиот брег на Германија долж Балтичкото и Северното Море.

Спречувањето на радикализацијата од страна на салафистичките групи е значајно безбедносно прашање. Германската домашна разузнавачка служба и полицијата беа први кои воспоставија превентивни мерки во овој контекст, за подоцна да бидат проширени во насока на спречување на насилниот екстремизам и тероризам, овозможувајќи пристап за семејно и социјално работење. Одговорните институции за образование и правда, како на национално така и на федерално ниво, исто така се опфатени со превентивните мерки, спроведувајќи проекти во училиштата и во затворите. Поради зголемениот обем на институции кои се засегнати со овој проблем, развиена е соодветна координација, редовна размена на информации и експертиза, со што ризикот од изгубени информации и непотребното дуплирање на работата е сведено на минимум. Во изминатите неколку години Германија направи значајни чекори кон развивање на суптилен, мултиагенциски пристап за спречување на радикализацијата и екстремизмот. За сигурен долгорочен напредокот на ова поле, за западните демократии клучен предизвик ќе биде подобрувањето на координацијата, а за градење на доверба помеѓу безбедносните агенции и невладините организации потребни се национални стандарди, односно транспарентна регулатива и стратегија за јавна комуникација усогласена на национално ниво.

д-р Ненад Танески



Средба со
проф. д-р Темелко Ристески,
полковник во пензија

# Правно-политички придобивки од зачленувањето во НАТО и во ЕУ

Правото и законот секогаш не се на страната на граѓаните или, пак, така им се чини само на оние кои не ги почитуваат и направиле нешто што не треба да прават?! Затоа, пак, постојат луѓе кои ги создаваат и ги толкуваат овие области без кои не може да функционира системот. Без сомнение, меѓу нив е и професорот Темелко Ристески, кој сознанијата за правните работи ги стекнувал чекорејќи низ воената професија (од пешадиски потпоручник, по завршувањето на Воената академија на КоВ во Белград, до полковник на правната служба) и паралелно верификувајќи ги со завршувањето на Правниот факултет 1978 година (положен правосуден испит) и со натамошното школување и достигнување на звањето магистер по правно-политички науки (1989) и доктор по правни науки (1999)

**Господине полковник, Вие сте експонирани како професор и декан на Факултетот за правни науки при Универзитетот ФОН каде, покрај другото, сте предавале административно и уставно право, а во јавноста сте познат како аналитичар на настани од посебен интерес и значење за функционирање на системот. Бездруго, тука спаѓа и Преспанскиот договор, кој ни ги отвори вратите за влез во НАТО и во ЕУ. Што е главно од правно-политички аспект, што треба да се истакне за овој договор?**

Спогодбата за решавање на спорот со името и за стратешко партнерство меѓу нашата држава и Република



Грција, правно гледано, е меѓународен билатерален договор. Како меѓународен договор потпаѓа под регулативата на меѓународното јавно право. Спогодбата е заклучена во согласност со начелата и целите на повелбата на Обединетите нации, Завршниот документ од Хелсинки од 1975 година, релевантните акти на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) и вредностите и начелата на Советот на Европа. Посебно би сакал да го истакнам начелото на мирно решавање на споровите меѓу државите-членки на ООН од член 2, точка 3 на Повелбата, според кое сите членки на Организацијата ќе ги решаваат своите меѓународни спорови со мирољубиви средства, на таков начин, што нема да го загрозат меѓународниот мир и безбедност, како ни правдата. Ова начело, пак, е во функција на првата од четирите обврски за остварување на целите на членките на Организацијата, содржани во Преамбулата на Повелбата, со која тие се обврзуваат да бидат трпеливи и заедно да живеат во мир, едни со други, како добри соседи. Надлежноста за заклучување на оваа спогодба се базира на член 185, став 2 од Уставот на Републикава, според кој меѓународни договори може да склучува и Владата на Република Северна Македонија, кога тоа е определено со закон. Со член 3, став 2 од Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори, е пропишано дека меѓународни договори во име на Републикава, може да склучува и Владата на Република Северна Македонија, со кои се уредуваат прашања од областа на економијата, финансиите, науката, културата, образованието и спортот, сообраќајот и врските, урбанизмот, градежништвото и заштитата на животната средина, земјоделството, шумарството, водостопанството, здравството, енергетиката, правдата, трудот и социјалната политика, човековите права, дипломатско-конзуларните односи, како и од областа на одбраната и безбедноста на државата. Со оваа спогодба, покрај решавањето на прашањето за името на Републикава, се уредуваат и прашања за соработката во контекст на меѓународни и регионални организации, политичката и општествената соработка, економската соработка, соработката во областите на образованието, науката, културата, истражувањето, технологијата, здравството и спортот, потоа полициската соработка и соработката во областа на цивилната заштита, како и одбранбената соработка. Како што гледаме, се работи за прашања за кои Владата е овластена да склучува меѓународни договори. Според тоа, апсолутно не се во право оние наши сограѓани кои ја оспоруваат надлежноста на Владата за склучување на оваа спогодба.

Гледано од правно-политички аспект, со спогодбата се зацврстува, односно се конкретизира идентитетот на Републикава како држава. Според теоријата на правото, државата претставува организација на граѓани кои живеат на одредена територија, кои на таа територија организирале власт и со закони воспоставиле правила на однесување заради одржување на редот и поредокот. Ние, граѓаните на Републикава, сме се организирале во држава со републикански облик на уредување на северниот дел од географскиот регион Македонија. Според тоа, нема ништо спорно во новото име на државава: Република Северна Македонија. Што се однесува до изјавите на одредени личности од јавниот живот, дека со спроведувањето на спогодбата ќе се изгуби македонскиот идентитет, ги повикувам сите скептици да ја прочитаат спогодбата и посебно да обратат внимание на одредбите во членот 7, став 4, во врска со став 1. Таму јасно и недвосмислено е кажано дека термините „Македонија“ и „македонски“ ја означуваат територијата на Републикава, јазикот, народот и нивните одлики, со нивната сопствена историја, култура и наследство.

**Поделеноста „за“ и „против“ влегувањето во НАТО сè уште се чувствува, иако овој процес никој не може да го попречи. Всушност, со пристапувањето во НАТО, што е тоа**



**што ќе го добиеме (или, пак, изгубиме) како држава, имајќи ги предвид одбранбено-безбедносните и правно-политичките аспекти?**
Поделеноста на нашите граѓани „за“ и „против“ НАТО навистина постои. Но, добро е тоа што според анкетите, процентот на оние кои се за НАТО е многу голем, некаде близу 80 отсто. Тоа може да се заклучи и од резултатите на референдумот, иако тој формално-правно не успеа поради недоволната излезност на граѓаните. Сепак, едно импозантно мнозинство од оние што излегоа, скоро 610.000, се изјаснија за членство на Републикава во ЕУ и во НАТО, со прифаќање на договорот помеѓу Република Македонија и Република Грција. Што се однесуваа до останатите граѓани, оние што не излегоа на гласање, премолчено им ставија до знаење на оние што излегоа дека немаат ништо против зачленувањето на Републикава во ЕУ и во НАТО. Ако беа против, решително ќе излезеа на референдумот и ќе го заокружеа зборот „против.“ Републикава, практично е членка на НАТО. Протоколот за нејзино членство прва го ратификуваше Република Грција, која пред заклучувањето на спогодбата беше огорчен противник на тоа.
На прашањето што ќе добиеме или, пак, изгубиме со зачленувањето во НАТО, веднаш ќе кажам дека гледано од правно-политички аспект, ние ништо не губиме, туку добиваме, и тоа многу. Републикава се наоѓа на Балканот кој, поради расцепканоста на бројни мали држави, поради нерешените прашања меѓу нив, поради аспирациите на одредени националистички кругови во нив, за големи национални држави, се нарекуваше „Балканско буре барут“. Кај одредени националистички групации во соседните држави, за жал, сè уште постојат аспирации за големи национални држави и, од друга страна, сепаратистички тенденции кај одредени кругови од етничките заедници кои живеат надвор од нивните матични држави. Поради тоа постоеше латентна опасност, територијата на Републикава, во услови на неповолен развој на настаните, да биде поделена меѓу соседите. Таквата опасност сега не постои. НАТО како колективен систем на безбедност тоа нема да го дозволи. Реков дека НАТО е колективен систем. Тој е систем организиран од луѓе, човечки систем. За него, како систем, важат законитостите за кои зборува општата теорија на системите: организираност, насоченост кон одредена цел, интеракција и ентропија (склоност кон дезорганизација – пропаѓање). Како човечки систем тој се спротивставува на ентропијата во него, и тоа организирано, за разлика од природните системи кои ја немаат таа моќ. Организираното спротивставување на ентропијата во еден колективен систем на безбедност, како што е НАТО, претпоставува одлучно и енергично спречување на сите деструктивни и дезинтегративни појави и процеси во системот, како што се сепаратизмот, тероризмот, повредите на територијалниот интегритет на државите-членки, и други негативни појави и процеси. Имајќи го ова предвид, сметам дека сонииштата на балканските националисти за големи национални држави на сметка на нивните соседи се прекинати. Прекинати се и соништата на сепаратистите за приклучување кон матичните држави. Значи, како членка на НАТО, Република Северна Македонија е потполно безбедна. Во безбедна држава капиталот слободно влегува и останува. Гледано од аспект на безбедноста, инвеститорите нема повеќе да стравуваат од неповолен развој на настаните. Тие слободно ќе инвестираат во македонското стопанство. На странските вложувачи ќе им биде обезбедена сигурноста на вложениот капитал и добивката, онака како што е гарантирано со одредбите на членот 59 од Уставот. Овие одредби нема да бидат само декларативни, туку реални норми, кои ќе одговараат на објективната стварност во Републикава. Во врска со ова прашање сакам уште да напоменам дека во НАТО се одлучува со консензус. Ако при донесувањето на некоја одлука нешто не ни одговара како на држава, слободно можеме да кажеме „не“, се разбира, ако тоа „не“ е базирано на објективни факти. Тогаш тоа наше „не“ ќе биде почитувано. Во демократскиот свет се почитуваат правото и на него заснованите интереси на другите. Гледано од овој аспект, Републикава ќе стане потполно рамноправен партнер со сите други државичленки на Алијансата.

**Вашите изјави и ставови се засновани врз научни сознанија и главно се поддржани од поголем број граѓани, меѓутоа и оспорувани, за жал, и од ваши поранешни студенти. Зошто и на кого овде не му е нешто јасно?**
Моите изјави се засновани врз Уставот, законите и меѓународните договори коишто се ратификувани во согласност со Уставот и како такви се дел од внатрешниот правен поредок на Републикава. Се разбира, кога има потреба, се служам и со правилата на логичкото, граматичкото, телеолошкото и историското толкување на нивните одредби, како и со други правила воспоставени од правната херменевтика. Поради тоа, моите изјави се прифатени од поголем број граѓани. Има и такви коишто не ги прифаќаат. Меѓу нив има и мои поранешни студенти. Но нивниот број е незначителен, ако се има предвид фактот дека во текот на дваесет и шест години професорски стаж сум држел предавања на околу десетина илјади







студенти од Воената академија, мојот сегашен универзитет и трите најголеми државни универзитети во Републикава. Се работи за граѓани кои не ги читаат нормативните акти и за нивната содржина се информираат од „втора рака.“ Поради тоа често се изманипулирани. Има и граѓани кои, од лични интереси, ги поддржуваат ставовите на опозициските кругови и едноставно не сакаат да го видат она што е очигледно. Во врска со ова, пак, ќе кажам дека во спогодбата со Република Грција или во Преспанскиот договор, како што популарно го нарекуваат, нема ништо нејасно, ако таа се прочита и ако се прочитаат соодветните одредби на Уставот, на Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори и на Повелбата на ООН.

**Подолг период од својата професионална кариера поминавте на разни должности во Воената академија на АРМ, а предававте неколку предмети поврзани со правото и се занимававте со научноистражувачка работа. Какво искуство носите оттаму и што е она што е значајно да се истакне за унапредување на школувањето на питомците и за усовршувањето на старешините?**

Во Воената академија на АРМ поминав безмалку 12 години и припаѓам на групата нејзини основачи. Учествував во изработката на Законот за Воена академија. Почнавме речиси од ништо. Собиравме искршени клупи, столици и друг инвентар по касарните, за да обезбедиме какви-такви услови за одржување на настава. Со голем ентузијазам, за две години, создадовме услови Установата за обучување воени старешини формирана во почетокот на 1993 година, кон крајот на пролетта 1995 г. да прерасне во Воена академија, која како респективна високообразовна институција се вклучи во високообразовниот систем на Републикава и есента истата година ги прими првите питомци на четиригодишни додипломски студии. Потоа продолжив со работа, прво како наставник во звањето виш предавач, потоа како доцент и воедно раководител на Одделението за стратегиски истражувања и, на крај, како раководител на Секторот за постдипломски студии. На оваа должност се наоѓав при моето прво пензионирање, како полковник на АРМ, во декември 2004 година. Ова е солидно работно и животно искуство во воениообразовниот систем на Републикава со кое се гордеам. Од сегашна перспектива, им порачувам на младите колеги да учат, да се усовршуваат. Знаењето никогаш не е доволно. На раководството на



Воената академија му препорачувам да посвети поголемо внимание на хуманистичкото образование на идните питомци/студенти, откако претходно ќе го редуцира природно-научното образование. Питомците, по дипломирањето на Академијата, во воените организациски состави на Армијата ќе работат со луѓе. Затоа им се потребни поголеми знаења од областа на правото, воената психологија, воената социологија, реториката итн.

**Пензионирањето воедно значи поминување во ново, трето животно доба, кога човек треба да се ослободи од обврските и да ужива во животот. Со чинот на пензионирањето Вие како да добивте нови задачи, а не порелаксирано и во мир да ги минувате деновите. Што, всушност, се случи?**

Јас сум конечно во пензија од пред една година. Веднаш по моето прво пензионирање продолжив со работа



како професор на Факултетот за општествени науки (ФОН) кој, кратко време по моето вработување таму, прерасна во Универзитет на Факултети за општествени науки (Универзитет ФОН), со Факултети во Скопје, во Струга, во Струмица и во Гостивар. Второто пензионирање ме затече на должноста декан на Факултетот за правни науки на овој универзитет. Не признавам пензионирање од животна гледна точка. Човекот е роден да работи, да се бори и постојано да биде во акција, до последниот здив. Оној што така не постапува, брзо ќе пропадне. Навлегов во мојата седумдесетта година, но физички и психички се чувствувам како да имам 40 години. Уживам во постојаната акција, во активноста. Член сум и активен учесник во работата на Институтот за човекови права и на Институтот за менаџмент со знаење, како и на неколку здруженија на граѓани, меѓу кои и Здружението на ветерани од одбраната и безбедноста и на Балканскиот форум за безбедност. Покрај тоа, држам предавања по Административно право и Филозофија на правото на Универзитетот ФОН.

**Што најмногу Ве исполнува во животот. Имате ли некои неостварени желби? Како го поминувате слободното време?**

Најмногу ме исполнува постојаната активност. Смислата на животот е во тоа да се биде постојано во акција, во општествено корисна акција, и јас сум во таква акција. Во слободното време читам или пишувам. Кога ќе почувствувам замор од интелектуалната работа, преминувам на физичка работа. Работам на моето лозје, на овошките и на градината. Уживам во работата, во активноста, во животот.

Единствена неостварена жалба ми е мојата татковина, Република Северна Македонија, да стане членка на ЕУ. Порано бевме членка на Југословенската федерација, за која некои кажуваат дека била „Европа во мало“, и се гордеевме со тоа. Сега ни се дава можност, како држава, да бидеме членка на уште поголема, побогата, подемократска, понапредна и помоќна заедница на европските народи. Уверен сум дека таа можност, за релативно кратко време ќе се реализира, и на тој начин ќе се оствари мојата неостварена желба.

Мендо Димовски



# Чекајќи го мајорот Тангучи

Хиро Онода бил ортодоксен јапонски воин, еден од неколкуте милиони негови сонародници кои учествувале во Втората светска војна, а тројно помладиот Норио Сузуки, студент на токискиот универзитет, мечтаел да го пронајде и да го цивилизира снежниот човек Јети. До мигот на средбата на Онода и Сузуки, нивните патишта оделе во спротивна насока. Хиро правел планови како да го преживее 29. лето во џунглите на филипинскиот остров Гуам, а Норио собирал пари за патешествие во снежната пустелија на Хималаите, решен да ѝ стави крај на енигмата наречена Јети. Пресвртот ќе се случи во доцната есен 1973 година, кога студентот Сузуки во весниците прочитал дека оперативците на Царската тајна служба на Јапонија не успеале да му влезат во трага на офицерот Хиро Онода, кој од непознати причини одбивал да им се предаде на филипинските власти, 29 години по завршувањето на војната. Тоа не е можно, бидејќи не е вистина, заклучил Сузуки, но ќе го промени мислењето откако ќе ги собере и ќе ги прочита сите достапни текстови за

Легендата за Јапонецот Хиро Онода, најчудниот воин во историјата на војните, би останала во џунглите на островот Лубанг доколку не се појавил уште почуден трагач по цивилизациските енигми, неговиот сонародник, студентот Норио Сузуки

случката со Онода. Досието за Јети го одложил за подоцна, бидејќи воинот Онода бил предизвик достоен за вистински авантурист.

### Јети може да причека

Сузуки прочитал дека Хиро Онода до својата дваесетта година по ништо не се разликувал од своите врсници, освен што во почетокот на Втората светска војна станал помлад офицер во единицата на војните разузнавачи на Јапонија. По воениот распоред, бил испратен на фронт на Пацификот, каде што останал сè до доцната есен 1944 година. Пред новата година добил наредба со група на дваесетина војници да продолжи со саботажи на филипинскиот остров Лубаг, каде што била активна американската воена база. На Онода тогаш му била врачена и пишана наредба на Врховната команда во која, покрај останатото, стоело дека: „... забрането ти е да се предадеш или да извршиш самоубиство, без оглед дали војната ќе трае една, три или пет години... што и да се случи, ние ќе се вратиме по тебе...“ Од воени извори студентот Сузуки дознал дека Онода и по три децении не престанал да војува. Имено, филипинските власти редовно го известувале Токио за злосторите на островот што ги правел „лудиот“ јапонски војник. Опремен со неопходните дозволи од јапонските и филипинските власти, Норио Сузуки во февруари 1973 година стигнал на островот Лубанг. Од локалните власти добил информација за последната акција на „лудиот Јапонец“ и тргнал да го бара својот таинствен сонародник. Цел месец талкал низ џунглата, постојано пеејќи ги омилените народни јапонски песни. Пеењето истовремено му служело и како одбрана и како лозинка за оној по кого трагал. Како што ќе се дознае подоцна,

чудниот воин Онода мошне брзо го забележал „чудниот пејач“ и неколку дена го следел, убеден дека е во прашање маскиран агент испратен да го ликвидира. Откако се уверил дека „пејачот“ не е агент, Онода решил да го зароби, и тоа и го сторил. Во книгите што и двајцата подоцна ќе ги објават, тој настан различно го доживеале и го опишале. Студентот Сузуки вели дека во тој миг бил среќен, како да го остварил својот сон – како да го фатил и да го цивилизирал снежниот човек Јети. Онода, пак, постојано бил внимателен и подготвен во секое време да го ликвидира необичниот посетител доколку се обиде да преземе некоја непромислена акција. „Се изнамачив да го уверам дека навистина сум студент и дека сум дојден да го вратам дома, гарантирајќи му ја безбедноста со својата глава. Му објаснив дека војната е завршена пред триесет години и дека се амнестирани сите јапонски војници во Филипини, без оглед на злосторствата што ги направиле. Од војникот Онода дознав за многу апсурдни настани од неговиот престој на островот. Дознав дека, почнувајќи од 1945 до 1952 година, наоѓал летоци со слични информации, но дека бил убеден дека е во прашање лажна пропаганда“, пишува Сузуки.



### Армија од четворица војници

Кога на 2 септември 1945 година претставниците на царот Хирохито, воените команданти на Јапонија, потпишале безусловна капитулација, поручникот Хиро Онода со уште тројца свои другари во воздух го кренале американскиот магацин со муниција и се повлекле во непроодните ридови на островот. Над нивното засолниште пролетал воен авион, но наместо бомби испуштил летоци во кои пишувало дека војната е завршена и дека сите јапонски војници можат да го предадат оружјето и да си заминат дома. „Момци, ова што пишува е лага“, им рекол Онода на своите подредени другари и им предложил да почнат подготовка за нова акција. Така, четиричлената јапонска „армија“ продолжила да војува, игнорирајќи ги летоците со кои биле повикувани да се предадат, без какви било санкции. Во септември 1949 година, Јуичи Акасу одлучил да ја напушти „единицата“ со намера да провери дали е вистина она што го пишувало во летоците. Цели шест месеци талкал по островот, и кога се уверил дека повеќе не се војува, им се предал на локалните филипински власти.
Онода и неговите придружници, Шоучи Шимада и Киншичи Козука, продолжиле да војуваат, безмилосно убивајќи ги филипинските селани и палејќи ги нивните имоти. Токму тоа била причина за голема воена потера по нив, организирана од локалните воени и полициски власти на островот Лубанг. Дошло до пресметка во која загинал војникот Шимада, а од 7 мај 1954 година, Онода и Козука продолжиле со својата апсурдна мисија. Козука на својот командант во повеќе наврати му сугерирал да се предадат, но неговиот одговор секогаш бил негативен. Поточно, наместо вербално објаснување, Онода на Козука редовно му ја читал пишаната наредба, потенцирајќи му го оној дел во кој стоело дека нема предавање ниту самоубиство, туку борба, до конечна победа.
Во тоа време, Онода на Козука му предложил, заради безбедност, да се разделат и да продолжат да се пресметуваат со „непријателот“. Седумнаесет години подоцна на 19 октомври 1972 година, во една пресметка со полицијата Козука загинал, така што јапонската армија на Филипини ја застапува еден воин, поручникот Хиро Онода.
По загинувањето на Козука, Онода станал свесен дека е сам и дека повеќе не може да смета на ничија помош. Од таа причина повеќе не се впуштал во ризични воени активности. Од време на време се спуштал во некое населено место за да обезбеди храна и чекал да се исполни пишаното ветување дека по него ќе се врати лично неговиот командант Тангучи. Тоа и било причина властите да заклучат дека на островот Лубанг повеќе нема јапонски војници, односно дека и последниот, Онода, повеќе не е жив.

### „Наредби примам само од мајорот Тангучи“

Информиран дека телото на Онода не е пронајдено, студентот Сузуки бил убеден дека тој е жив и дека мора да го најде. Тој навистина го нашол, но попусто биле неговите молби и убедувања заедно да се вратат во татковината. „Јас жив не се предавам, а тоа можам да го сторам само по лична наредба на мојот претпоставен командант“, му повторувал Онода на Сузуки и го замолил да го остави на мира и да се врати во Јапонија. „Јас ќе се вратам, но пред да си заминам сакам да ми ветиш дека ќе се предадеш доколку тоа ти нареди твојот претпоставен, му возвратил Сузуки. „Ти ветувам“, одговорил Онода и заминал кон едно од импровизираните засолништа во ридовите на островот. Пред да се разделат, Сузуки од Онода ги добил неопходните информации за неговиот претпоставен и заминал во Јапонија. „Бев лут како рис кога се разделивме, повеќе на себе отколку на него, и си реков дека повеќе нема да се занимавам со поручникот Онода, туку целосно ќе му се посветам на пронаоѓање на Јети“, пишува Сузуки во својата книга, и додава: Лутината ми помина кога почнав да размислувам за она што Онода ми го раскажуваше за своето дваесет и осумгодишно војување. Неговата непоколебливост во одлуката, по секоја цена да ја почитува наредбата на својот командант. Тоа беше



пресудно во мојата одлука Онода по секоја цена да го вратам дома.
Од она што ќе се случува понатаму, лесно може да се заклучи дека студентот Норио Сузуки не бил само чуден авантурист, туку млад човек кој навидум нереалните замисли ги реализирал, не откажувајќи се пред првата пречка. Тоа го потврдува и неговата одлука во својата авантура да ги вклучи и властите во својата земја. Имено, наместо сам да го побара некогашниот мајор Тангучи, за помош се обратил во врховната команда на јапонската армија. Притоа, својата приказна ја илустрирал со автентични докази и операцијата „Капитулација на наредникот Хиро Онода“ станала планетарна сензација.
По војната, мајорот Јошими Тангучи се пензионирал, но бидејќи сè уште бил млад за вистинска пензија, се вработил во една книжарница во Токио. Токму таму и го нашол студентот Сузуки и откако му ја раскажал приказната за наредникот Онода, почнале со службени подготовки за негово враќање дома.
Во почетокот на март 1975 година, на островот Лубанг стигнала двочлена јапонска државна делегација, студентот Сузуки и мајорот Тангучи. Во тоа време наредникот Онода бил зафатен со обновување на своите многубројни засолништа и веќе го заборавил чудниот посетител од минатата година. Поточно, неколку месеци по заминувањето на студентот, Сузуки потајно се надевал дека ќе ја слушне неговата песна, бидејќи тој му рекол дека тоа ќе биде знак дека навистина се вратил и дека тоа е лозинка за нивната повторна средба. На негово големо изненадување, од џунглата се слушнал глас и песна со рефрен „пријателе излези“. Онода се стрчал кон местото од каде доаѓал гласот и кога сосема се доближил останал без здив. Долу, под него, на чистинка стоеле Сузуки и лично неговиот командант Тангучи.
Средбата била трогателна, каква што може да биде помеѓу двајца професионални војници, по триесет години. Онода војнички го поздравил својот командант и ја фрлил пушката, веќе сигурен дека приказната на студентот Сузуки не е измама.
Откако ја завршиле службената церемонија при која мајорот Тагучи на наредникот Онода му соопштил дека војната одамна е завршена, односно дека Јапонија капитулирала во далечната 1945 година, Онода веста ја прокоментирал велејќи: „Како можеа да бидат така невнимателни“.
Неколку дена подоцна, поточно на 10 март 1975 година во Манила, главниот град на Филипините, облечен во беспрекорно сочувана униформа, наредникот Хиро Онода својот самурајски меч му го предал на филипинскиот претседател Фердинадо Маркос, согласувајќи се дека Втората светска војната за него завршила 30 години подоцна од нејзиното вистинско завршување. Целиот настан се одвивал пред стотина новинари и фоторепортери, во присуство на јапонскиот амбасадор и воениот врв на Филипините. На церемонијата, претседателот Маркос рекол дека на Онода му ги простува сите злосторства поради фактот што тој тие ги сторил не знаејќи дека војната е завршена.
Во средината на март 1975 година, на педесет и двегодишниот Онода и неговите спасители, студентот Сузуки и мајорот Тангучи, на токиското аеродром им бил приреден величествен дочек. Целиот настан го пренесувала државната телевизија, а Онода бил прогласен за херој кој лично го одликувал и јапонскиот цар Хирохито. По еднонеделна еуфорија, најчудниот воин во човековата цивилизација видел многу работи што не му се допаѓале во неговата родна земја и одлучил да замине во Бразил. Тоа и го сторил, се оженил и се занимавал со одгледување на крупен добиток. Во меѓувреме напишал книга за своето „залудно војување“ и повторно се вратил во Јапонија. Тоа се случило 1980 година, кога прочитал дека





еден млад Јапонец ги застрелал своите родители бидејќи не му дозволиле да се запише на факултет. Тогаш решил да ѝ се посвети на педагошката работа, формирал школо за преживување во природа и се обидувал да ја превоспита „културната бирократија“.
Во наредните 39 години за воинот Хиро Онода не се слушнало ништо. Неговото апсурдно војување ќе падне во заборав сѐ до 16 јануари 2014 година, кога неколку месеци до својот 92 роденден починал. Светските медиуми тогаш повторно се навратиле на животот и на военото дело на Онода, прогласувајќи го за најчуден воин во човековата цивилизација.

Миле Раденковиќ

## Дваесет и седум години под земја

Шоиќи Јокио е еден од тројцата јапонски војници кои војувале за своја сметка повеќе од две децении по завршувањето на Втората светска војна. За разлика од поручникот Онода и редовот Теруо Накамура, Јокио не станал медиска сензација, без оглед што на островот Гуам останал 27 години по завршувањето на војната и цело време живеел во земјанка . Тој признал дека уште во 1952 година дознал дека војната е завршена, но дека сметал оти е срамно да се предаде без борба. Токму заради тоа, на 24 јануари, рано наутро, „формално“ нападнал двајца филипински рибари и така повторно стигнал во цивилизација. Без да привлече многу внимание тој се вратил во Јапонија, во едно село во близината на Токио каде што и умрел во 82 година од животот.



## Војувал 31 година

Теруо Накамура е последниот од трите јапонски војници за кои Втората светска војна траела три децении. И тој, како Онода и Шоиќи, не знаејќи дека војната е завршена 1945 година, војувал до 1974 година. Во редовите на јапонската армија стапил 1943 година, во единиците кои се бореле на фронтот на Пацификот, на островот Моротај. По една офанзива во првите месеци од последната воена година, Теруо талкал по џунглата и преживувал хранејќи се со банани и друго овошје, сѐ до раната пролет 1974 година, кога го откриле и го заробиле војниците на Индонезија. Преговорите помеѓу Индонезија и Јапонија за негово ослободување и враќање дома траеле два месеци, бидејќи тој не сакал да потпише документ дека се предава. Интересно е дека по враќањето дома имал 55 години и цели 30 години продолжил да живее со својата жена со која стапил во брак пред заминување во војната. И тој во татковината бил пречекан како херој и добил голема државна пензија.





# Трап-стрелаштво

За вистинскиот ловец е вистински проблем што да направи со пушката во пролет: дали да ја конзервира пушката до наредната ловечка сезона или, пак, да ја има секогаш подготвена за употреба. Тоа не значи дека тие кои знаат што ќе направат со пушката по ловечката сезона се вистински ловци. Зошто е тоа така? Македонија се делеше и на стрелечки ловни региони: Северен, Југозападен и Југоисточен. Најдобрите две екипи од тие три регионални натпревари учествувале на републичкото првенство во гаѓање летечки цели, глинени гулаби, вкупно шест екипи за републичко, односно државно ниво на натпревар. Потоа се формирала репрезентација на Републиката којашто учествувала на државно првенство во рамки на тогашната СФР Југославија. Таквиот систем на натпревари беше прекинат по 1991 година, па потоа продолжи натпреварувањето во Македонија, и на ниво на држава и со учество на меѓународни натпревари, на купови и на турнири. Денес, на многу

ТРАП-стрелаштвото е гаѓање летечки цели или популарно кажано, гаѓање глинени гулаби што излетуваат од ров

македонски турнири учествуваат екипи од балканските држави, а секако и дел од македонските екипи возвраќаат, односно гостуваат и на ТРАП и на СКЕЕТ-натпреварувања, најчесто натпреварувања на клубови или општински со благ интернационален карактер.

ТРАП-стрелаштвото е гаѓање летечки цели или популарно кажано гаѓање глинени гулаби што излетуваат од ров. Постои и СКИИТ-стрелаштво, но тоа во Македонија не е развиено, иако во Србија, во Бугарија и во Грција се практикува и оваа стрелечка дисциплина. Тоа е гаѓање летечки цели кои излетуваат од куполи/крошни во височина од левата и од десната страна пред стрелците. Во оваа прилика ќе проговориме за ТРАП-стрелаштвото. Прво да потенцираме за тие коишто имаат намера посериозно да се занимаваат со оваа стрелечка дисциплина, дека учеството на меѓународни натпревари претпочита да се извршува преку стрелечката федерација на матичната држава, а кај нас тоа е Македонската спортска стрелечка Федерација. Оваа дисциплина е буквално симулирано ловечко стрелање по перјест дивеч, конкретно по дивеч којшто се подига и полетува од тлото, од земја.



Потребната површина за стрелиште во дисциплината ТРАП со олимписки норми предвидува три зони:

потребна површина за сместување на стрелиштето; огнена зона којашто е ограничена со летот и со спуштањето на летечките цели, односно глинени гулаби и сигурносна зона определена со дострелот на сачмите до далечина и агол до каде што тие се опасност по живите битија. Кога се прават две или повеќе стрелишта едно до друго, површината за целокупните елементи на стрелиштето не се дуплира, туку сето тоа може да се смести на порационална, помала, површина. Правилата предвидуваат: машините треба да осигураат нормална далечина на исфрлање на глинените гулаби од околу 75 метри, со толеранција од 5 метри помалку или повеќе; висината а патеката на исфрлениот гулаб, мерена на 10 метри од машината, мора да варира најмалку еден до четири метри, а нормално е помеѓу два и 3,5 метри; бочниот агол на исфрлање да биде до 45 степени лево или десно. Има уште многу детали околу правилата, но во оваа прилика не е неопходно сите да се презентираат, од едноставна причина што тие се применуваат и во зависност од конкретната локација и од видот на конкретното стрелиште.
Ловечката пасија за перјест дивеч во лет може да се реализира со соодветни преносни мали машини за исфрлање глинени гулаби. Тоа може да се практикува на соодветни места и после секој излет во природа, а да се запазат безбедносните мерки. Така ловецот останува во стрелечка кондиција, па дури и се надоградува во поглед на остварување на посигурен погодок на цели коишто летаат со голема брзина. Згора на тоа, за да се покаже стрелечката вештина, стрелањето може да се оствари и без контакт со дивеч, туку со глинен гулаб.
Но, нели, шегобијците често коментираат дека од погодениот глинен гулаб нема ништо за ловечката трпеза...и... во право се...
- Со добар поглед!

И. Б.



**РИБА НА ТРПЕЗА   РИБА НА ТРПЕЗА   РИБА НА ТРПЕЗА   РИБА НА ТРПЕЗА**

## КАРАШ , ПРЖЕН ИЛИ ПЕЧЕН, СО СЛИЧНА ПОДГОТОВКА – ДОБАР ЗАЛАК

Многумина не го ценат карашот како квалитетна риба за на трпеза и го опишуваат како риба којашто има многу коски, а и го критикуваат неговото месо дека е меко и многу благо... Но, ако знаете добро да го приготвите за јадење, тогаш на трпезата се бара залак плус, а риболовецот добива комплименти за неговиот улов од природата. Тајната на добриот вкус е во две работи: прво добро и ситно да се исече по грбот и кон опашката од страните и второ, да се посоли со зачин пред да се извалка во брашно пред пржење. Конкретно, после чистењето на крлушките, на утробата и на жабрите, се сече по грбот најмногу на растојание од половина сантиметар, а кога ќе се дојде до крајот на стомачната празнина се сече во линии и од страните целосно до опашката... Откако ќе се исчисти на тој начин, од мешаниот сув зеленчук (зачинот), се зема колку што ќе се залепи на мокра рака и се става од страните и се повлекува раката со благо притискање на исечените делови. Така, на тој начин, зачинот влегува и се заглавува во исечените пресеци. Потоа се валка во брашно. Пожелно е да се валка во мешано брашно (половина бело и половина пченкарно, ситно, жолто). Потоа маслото, коешто треба добро да ја исполнува тавата, треба добро да се загрее, така што кога ќе се пушти подготвениот караш, веднаш да почне да прегорува со звук. Врелото масло навлегува преку исечените пресеци подлабоко во телото на рибата и ги прегорува ситните коски. Ако се прави на скара, не се валка во брашно, но добро се намастува со четкичка,



особено при секое превртување. Четкичката е најубаво да се направи од неколку гранчиња рузмарин, којашто по пржењето се разделува, се ситни на помали парчиња и се расфрла по сервираните караши, после последното ставање на масло, по можност маслиново. Многумина претпочитаат да ги стават приготвените караси пред сервирањето во длабока тепсија, да ги намастат со маслиново масло, попрскани и со ливчиња и гранчиња рузмарин и да ги покријат со влажна крпа, која се растегниува на врвот од тепсијата. Се внимава влажната крпа да биде еднослојно растегната и да не ги допира карасите во тепсијата, односно садот во којшто се ставени. Како прилог најдобро е да се има печен, пржен или варен компир. Прженоот, а според можностите и печен караш, е многу вкусно јадење со кое се пие многу македонско вино или, пак, добро македонско пиво. Изборот е ваш, кој како милува и кој како претпочита. Најважно од сè е што вкусот е извонреден.

И.Б.



# „Опсадата на Жадотвил“

По повеќе од 45 години по историската битка кај Жадотвил во Конго во 1961 година, јавноста има можност да дознае што навистина се случувало таму, откако се откриваат фактите и се фрла ново светло на дамнешната петдневна битка. Четири децении избришани од историјата, фрлени во заборав, припадниците на четата од 158 Ирци – мировници на Обединетите нации, живеат под превезот на срамот од битка која е негирана и игнорирана. Но, денес, оваа битка е вклучена во учебниците за воена тактика, како пример за т.н. „периметарска одбрана”. Познати како „The Jadotville Jacks”, овие војници живеат како предавници, со непризнато херојство и храброст. Филмот „Опсадата на Жадотвил” им ја оддава честа која им била одземена, презентирајќи ѝ го на публиката овој историски настан кој долго време бил криен. Епитетот „историски” можеби звучи претенциозно, но, не е далеку од вистината. Зошто велиме така? Затоа што оваа храбра единица успева да издржи петдневна опсада од повеќекратно побројна војска, со минимум муниција, без мртви и само со петмина повредени, наспроти непријателската војска која претрпува загуби од 300 мртви и меѓу 300 и 1000 повредени.

## Од учебник, на терен

Конго, 1961 година. Оваа централноафриканска земја ја добива независноста, но по атентатот на првиот избран претседател Лулумба, тлее граѓанска војна и секој момент се заканува да избие и да се разгори. Обединетите нации, со цел да воспостават ред и да ја контролираат ситуацијата, ги испраќаат „Сините шлемови”, а меѓу нив е и единицата од 158 Ирци на чело со командантот Пет Квинлан. Сто педесет и осум млади луѓе без еден ден воено искуство, вклучувајќи го и Квинлан, кој има одлична теоретска подготовка за воените стратегии и тактики, но никогаш не видел битка со свои очи. Токму поради тоа, тој станува предмет на подбив кај легионерите во Конго. Но, Квинлан не е пратен таму да се бори. Обединетите нации со причина испраќаат чета која доаѓа од земја која никогаш не покажала агресија кон друга земја, да демонстрираат пријателство. Нивната улога е да го штитат населението и да дејствуваат како мировници.
Сепак, веднаш по пристигнувањето командантот „намирисува“ опасност и закана. Населението не ги пречекува со пријатно добредојде и тоа е доволна причина за Квинлан да преземе мерки на претпазливост. И во право е. Базата во Жадотвил е изложена од сите страни, па прва задача е веднаш да се ископаат ровови. Нападите траат пет долги денови во кои командантот Квинлан алармира дека недостасува



оружје, дека се преекспонирани од сите страни и едвај можат да ја задржат одбраната, дека се оставени да умрат како жртвени јагниња, без вода која е контаминирана од нападите. Очајно бара помош од базата во Елизабетвил, бара поддршка со засилување, бара дозвола да заминат. Одговорот е секогаш ист – да останат таму и да ја бранат базата, иако на сите им е јасно дека тоа значи смрт. Но, иако е неискусен, Квинлан е свесен дека неговиот тим е оставен сам на себе и тој носи низа на брзи, извонредно паметни одлуки поради кои е заслужен за спасувањето на животите на неговите луѓе. Точно знае да ја процени ситуацијата, да го предвиди однесувањето на непријателот, да смисли тактика за да го неутрализира и да го забави непријателот – од штедење на муницијата, до двојно искористување на истата, тој ги презема сите мерки за да не се предадат. Од друга страна, неговите соборци, повеќето деца во раните 20-ти години, не дозволуваат стравот да ги надвладее и демонстрираат завидно ниво на храброст, посветеност, прецизност и истрајност. На крајот, сепак предавањето е неизбежно. И покрај тоа што војниците од оваа единица одлучуваат да се борат до крај, до последен куршум, командантот Пет Квинлан ја донесува финалната одлука – нивните коски нема да останат во Африка и ќе даде сè од себе за да ги врати дома, иако тоа значи да станат воени заробеници.

## Изневерени од своите

Филмот мошне автентично ја портретира битката кај Жадотвил, притоа прикажувајќи ги припадниците на четата како вистински херои. Но, за жал, нивното херојство и храброст се жртвувани во историските записи, а ниту еден војник не бил одликуван со медал, иако капетанот Квинлан побарал тие да ја добијат должната почит. Овие војници долго време добиваат третман на предавници затоа што се предале на катанганската армија, Квинлан е оцрнет и неговата репутација уништена, а оваа битка добила негативен контекст поради тоа што се предале, а набрзо и била намерно заборавена. Дури во 2004 година, на иницијатива на ирскиот министер за одбрана, Вили О'Деа, била направена ревизија на фактите од битката и овие војници биле ослободени од обвинувањата за предавство и одликувани, а командантот добива и меморијален споменик, за жал, постхумно, без да дознае дека неговите напори и херојство се признати.



Џејми Дорнан настапува во улогата на Пет Квинлан. Одмерен, дисциплиниран, принципиелен, тивок и скромен, тој е пример за војник, но и за лидер. Обожуван од неговиот тим, тој е човек кој себеси би се ставил во опасност за да ги заштити неговите војници. Неговиот противник, пак, Рене Фалке, полковникот на Француската легија на странци е суетен човек, самоуверен, кој се стреми кон победа по секоја цена, кој се служи со валкани методи и игри за да ја порази другата страна. Така,Фалке,бара привремен прекин на огнот од Квинлан со изговор дека сака да ги земат телата на мртвите но,ја искористува ситуацијата за да подготви заседа. Тука е и премиерот Цомбе, како и Конор О'Брајан, човекот кој ја води мировната мисија во Конго на Обединетите нации. Тој одбива да им укаже помош на војниците и е спремен да ги жртвува сите до еден само да не се дознае фаталнат грешка која ја има направено, односно ликвидирањето на неколку невооружени Катангинци. Личниот интерес го става над сè останато. Од друга страна, тука го имаме и наредникот Џек Пендергаст, кој од базата комуницира со нападнатата ирска единица и е свесен дека ако ги остават сами, тие нема да преживеат но, сепак, не истапува, туку ги следи наредбите на О'Брајан без да се спротивстави, покажувајќи некоректен однос кон останатите војници.

Филмот е снимен според книгата „Опсадата на Жадотвил: Заборавената битка на ирската армија", на авторот Деклан Пауер. За потребите на филмот, актерите биле однесени во тренинг-камп воЈужна Африка, каде што поминале воена обука, бидејќи режисерот сметал дека најдобар начин да направи тие да се однесуваат како војници е ако ги направи вистински војници.Битката кај Жадотвил е интересен пример како сите карти се во рацете на непријателот, вооднос на шансите, силата и бројноста, но некако оваа страна успева постојано да ги надитри, оневозможувајќи им ја победата која им се чинела на дофат. Иако поразени, нивната истрајност и храброст во одбраната не ни дозволува да ги гледаме никако поинаку, освен како победници.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** RichieSmyth

**Улоги:** JamieDornan, MarkStrong, DannySapani, JasonOMara, SamKeeley, ConorMacNeill

**Сценарио:** KevinBrodbin

**Музика:** JosephTrapanese

**Монтажа:** AlexMackie

**Кинематографија:**Nikolaus Summerer

**Година:** 2016

**Земја:** Ирска, Јужноафриканска Република

**Времетраење:** 108 минути

**Награди:** Три награди на Ирски филмски и телевизиски награди за најдобра режија, звук и споредна улога и уште четири други номи-нации.



# Пешти –
## ретка природна убавина

Во близина на Велес, на само еден час одење пеш е клисурата Пешти. Оваа природна реткост е на 2,5 км од влевањето на реката Бабуна во Вардар. Нејзината форма е во вид на инка. Се наоѓа во заштитениот предел на реката Бабуна.

Поголемиот дел од велешани знаат за неа, биле до таму, ја виделе, но малкумина се што влегле во бројните пештери лоцирани по високите карпи. Одлика на овие пештери е што во неколку од нив има и цркви, што е вистинска реткост.

Има пет пештерски цркви во локалитетот Пешти. Најголема е Маркова црква – „Св. Никола“. Изградена е во самата пештера и има ѕидини како и секоја црква. Не е познато како градителите се искачувале со материјал по оваа вертикала од камен. Останатите цркви се молитвеници, фреските се на самите ѕидови од пештерите. Таму живееле монаси во испосништво.

Црквите и фрескописот во реонот на Пешти се редок балкански пример на оваа уметност и значаен културолошки и историски извор за фрескоживописувањето на подрачјето на Македонија. Нив доаѓале да ги проучуваат истражувачи и научници од соседството. Во пештерите има пештерски украси, некои имаат балкони и, секако, и сталагмити и сталактити. Во Пешти живеат ретки птици-грабливки, кои ги има сè помалку во земјава, па затоа клисурата е прогласена и за заштитена зона.

Во периодот од октомври до мај има и пештерски езера. Тоа е ретка убавина, периодични пештерски езера. Езерата постојат сè додека не испари водата во лето, а висината на водата е длабока до колена.

Влегувањето во пештерите е влегување во царството на темнината и тишината, нешто што треба да се доживее. Ако Американците го имаат Колорадо, ние ја имаме клисурата Пешти. Шесте лакови, кои ги создала самата природа, претставуваат ретка природна убавина.

Кристина Илиевска









